ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

МОБИЛНОСТ

E-MAIL: CONTACT@MOBILNOST.MK WWW.MOBILNOST.MK БРОЈ 102, АВГУСТ 2023

„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ГО ОДБЕЛЕЖА 30 МАЈ - СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО МУЛТИПЛЕКС СКЛЕРОЗА

НА СПОРТСКИОТ САЕМ ПРОМОВИРАНА БРОШУРАТА ВО ИЗРАБОТКА: „HEPA GUIDE LINES FOR CHILDREN WITH DISABILITIES BASED ON GYMNASTIC AFTER COVID-19“

35. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

ПРАВА
Св. ЦАР КОНСТАНТИН И ЦАРИЦА ЕЛЕНА

МОБИЛНОСТ

ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

Издавач:
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Уредувачки одбор:
Главен и одговорен уредник:
Митко Фидановски

Одговорни уредници:
Бранимир Јовановски
д-р Нико Јанков

Издавачки совет:
Бранимир Јовановски
д-р Нико Јанков
Елица Трпковска
Стеван Ангелески
Нермин Суловски
Дејан Ѓорѓиевски
Велибор Јакимовски
Дивна Таневска
Михајло Михајлов
Горан Здравков
Горан Војновски

Лектор:
Валентина Бачваровска

Адреса:
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

Жиро сметка:
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 30 примероци
Излегува тримесечно
Број 102, Август 2023
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

Дизајн и компјутерска подготовка
Далибор Јовановски

Печат:
„Фокус принт“ – Скопје

Весникот е бесплатен.

- СОДРЖИНА
- ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
- ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3
- ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 4
- „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ГО ОДБЕЛЕЖА 30 МАЈ - СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО МУЛТИПЛЕКС СКЛЕРОЗА 6
- ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ТЕКСТ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМ НА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 8
- ВТОРА СЕСИЈА НА ТЕМА НЕЗАВИСНО ЖИВЕЕЊЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 9
- ВАЖНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЧКИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПАТАРИНА 11
- РАБОТНА СРЕДБА СО НОВИОТ АМБАСАДОР НА РСМ ВО СЛОВЕНИЈА, ГОРАН МИЛЕВСКИ 11
- ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КЛУЧНИТЕ НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА ЗА ПРИСТАПНОСТ ДО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ 12
- ТРКАЛЕЗНА МАСА - УЧЕСТВО НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ 13
- САМИТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ПАРАОЛИМПИСКИТЕ КОМИТЕТИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА 14
- ПРОГРАМА НА УНДП ЗА КРЕИРАЊЕ НА МОЖНОСТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА СИТЕ 15
- ДОДЕЛЕНИ ПЛАКЕТИ ЗА ПОДДРШКА И АФИРМАЦИЈА НА СПОРТОТ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ 16
- НА СПОРТСКИОТ САЕМ ПРОМОВИРАНА БРОШУРАТА ВО ИЗРАБОТКА: „HEPA GUIDE LINES FOR CHILDREN WITH DISABILITIES BASED ON GYMNASTIC AFTER COVID-19“ 16
- ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА НА МИНИСТЕРКАТА ЗА ОДБРАНА, СЛАВЈАНКА ПЕТРОВСКА, И НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РСМ 18
- ОДРЖАН СРЕДНОРОЧНИОТ СОСТАНОК НА ПРОЕКТОТ GYM4ALL - ГИМНАСТИКА ЗА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 18
- ПРОМОВИРАН ХЕПА-ПРИРАЧНИКОТ ЗА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ЗАСНОВАН НА ГИМНАСТИКА ПО КОВИД-19 19
- ПРАВЕН ЛАВИРИНТ 20
- АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ СО ГРАД СКОПЈЕ 23
- ДИСКУСИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ 23
- СОСТАНОК НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР 25
- СОСТАНОК НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА 25
- ПРИСТАПНОСТ ВО МУЗЕИТЕ 26
- СОСТАНОК НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА 27
- ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА, 8 МАРТ, НА ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА“ 28
- РЕНОВИРАНИ ПРОСТОРИИТЕ НА ИНВАЛИДСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ГЕВГЕЛИЈА 28
- ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“, ПРВА ОБУКА ВО СОЛУН 29
- ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ВТОРА ОБУКА ВО СОЛУН 30
- ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ТРЕТ ПАРТНЕРСКИ СОСТАНОК ВО СОЛУН 31
- ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ОБУКА ВО БИТОЛА 31
- „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ИНФО-ДЕН КАЈ ГРЧКИТЕ ПАРТНЕРИ ВО ЛЕРИН 32
- ОБУКА НА ОССЗ 33
- НАГРАДНА ИГРА 33
- ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ИНФО ДЕНОВИ ВО РЕСЕН И ВО ПРИЛЕП 34
- МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО „ИДНИНА НА ТРАДИЦИЈАТА“ 34
- „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ СО ПРОЕКТОТ „АЛТЕР ТРИП“ НА САЕМ ЗА ТУРИЗАМ ВО БАРСЕЛОНА 35
- ПРИСТАПНА БАРСЕЛОНА 35
- „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА СРЕДБА СО АТО – ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ И КУЛТУРА - БИТОЛА 36
- АЛТЕРНАТИВНО ПАТУВАЊЕ ВО ПРАКТИКАТА – ОСВРТ 36
- ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО СОЛУН 38
- КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ОД СОЛУН ЗА ПРОЕКТОТ „АЛТЕР ТРИП“ 39
- 35. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ 40
- СПОРТСКИ САЕМ „СПОРТ ЗА СИТЕ” - СКОПЈЕ 2023 46
- ОДРЖАНА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО ОХРИД ЗА СПОРТИСТКИТЕ И СПОРТСКИТЕ РАБОТНИЦИ СО И БЕЗ ИНВАЛИДИТЕТ НА ТЕМА „ЗАСТАПЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ“ 48
- МАКЕДОНСКИТЕ СТРЕЛЦИ-ПАРАОЛИМПИЈЦИ НА ИСЦХ 2023 ВО ХАНОВЕР 49
- МЛАДИОТ МАКЕДОНСКИ ПИНГПОНГАР, ОГНЕН ИЛИЕСКИ, УЧЕСТВУВАШЕ НА КАМП ВО ГРЦИЈА 50
- МЛАДИОТ ШАХИСТ АЛЕКСАНДАР СТОЈЧЕСКИ УЧЕСТВУВАШЕ НА 22ND IPCA WORLD INDIVIDUAL CHESS CHAMPIONSHIP 2023 51
- ФУДБАЛСКИ НАТПРЕВАР ВО РАМКИТЕ НА 35. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ 52
- ОДРЖАНО ПОЕДИНЕЧНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ 52
- ПРВО МЕСТО ЗА ИГОРЧО ПОСТОЛОВ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАРА ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР ВО ВАРНА „VARNA SEAGULL CUP“ 54
- 19. МЕЃУНАРОДНО ОТВОРЕНО ПРВЕНСТВО И СПОРТСКИ ИГРИ НА ПАРАПЛЕГИЧАРИ НА БИХ, ЗЕНИЦА 2023 54
- ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА 8. ВО ФИНАЛЕТО НА ЕП ВО СТРЕЛАШТВО, АЛЕКСАНДАР ЈОВАНОВСКИ НА 20. МЕСТО 55
- СВЕТСКИ КУП ВО СТРЕЛАШТВО, ОСИЕК 2023 56
- МАКЕДОНСКИТЕ АТЛЕТИЧАРИ НА МЕЃУНАРОДЕН МИТИНГ ВО ДУБАИ 56
- УСПЕШЕН НАСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ СПОРТИСТИ ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА И ЗЛАТКО АРСОВСКИ НА НАТПРЕВАРОТ ВО ВРЊАЧКА БАЊА 58
- КОШАРКА ВО КОЛИЧКИ - ПРВ ОФИЦИЈАЛЕН ТРЕНИНГ 58
- 7.МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ ЛЕРИН, РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА, ОД 7 ДО 9. 7. 2023 ГОДИНА 59
- ТУРНИР ВО КУГЛАЊЕ 60

Изминаа зимата и пролетта од издавањето на последниот број на нашето списание. Во овој временски период се случија повеќе настани кои се зад нас. Се одржаа изборните собранија во сите здруженија и во „Мобилност Македонија“. Насекаде во здруженијата беа избрани нови состави на собранијата и нови органи и тела на здруженијата кои се надеваме дека вака, сега во изменет, а некаде и значително обновен и подмладен состав, ќе дадат нов импулс во остварувањето на програмските цели и активности заради кои се здруживме. За време на изборниот циклус во здруженијата, некаде повеќе некаде помалку, се разгоре и „натпреварувачки” дух меѓу членовите што секогаш во изборните години е нормална појава. Нормално е, а и ме радува, кога од ваквите избори произлегува здрава конкуренција меѓу членовите и ќе се изнесат нови идеи и замисли како да се продолжи понатаму во нашата борба за подостоинствен живот. Не е добро за сите нас кога борбата се претвори во лична пресметка со оние кои мислат поинаку или по секоја цена се бара смена на раководството без да се понуди респективна програма и визија за тоа во кој правец треба да се движиме во идниот мандатен период. Секој натпревар меѓу членовите треба да биди натпревар во идеи а не борба за промена заради промена, без на членството да му се понуди подобра работа, нови активности и нови визии каде што во иднина треба да се движи нашата „борба“. Како и да е изборите завршија, новоизбраните раководства почнаа да ги остваруваат програмските активности.

Зад нас се низа активности кои веќе традиционално се извршуваат во овој период. Една од најкрупните активности, која опфаќа многу членови се и Спортските игри во организација на „Мобилност Македонија“, кои секоја година се одржуваат во Охрид. На овие спортски натпревари во атлетика, пинг-понг и стрелаштво верувам дека имаше многу натпреварувачки дух и дека се постигнати одлични резултати. Без оглед на постигнатите резултати, сепак мислам дека самото учество на овие натпревари е успех сам по себе со оглед на тоа што во сопствените здруженија голем број наши членови се бореа за да фатат место во екипите кои ќе бидат репрезенти на здружението од каде што доаѓаат на овој реномиран спортски настан. Од постигнатите резултати верувам дека има и некои кои се врвни и секако ќе придонесат за поквалитетен избор на репрезентациите на нашата држава кои ќе нè претставуваат во странство, а каде што во последните години постигнуваме и значајни резултати не само во стрелаштво како наш најдобар спорт веќе долги години наназад.

Во тек се веќе од мај и одморите во нашите реновирани апартмани во Охрид. Годинава времето во првите два месеца не нè послужи баш најдобро бидејќи се погоди многу врнежливо и студено со чести непогоди. Сепак, од она што мене ми е познато,времето не ги спречи нашите членови додека престојуваа во Охрид да се дружат и забавуваат што е и целта којашто, меѓу другото, сакаме да ја постигнеме. Имено, дружењето придонесува за наше подобро запознавање и социјализација што е една од нашите цели во сите програми за работа. Да се надеваме дека во наредниот период другите членови кои ќе ги користат апартманите за одмор и рекреација ќе имаат идеални услови и за сончање и пливање. Штета што и покрај толку настојување најголемиот број од плажите, буквално се недостапни за лицата со попреченост или се едвај достапни дури и за оние лица кои се релативно поподвижни. Во оваа пригода апелирам до сите корисници на апартманите за одмор во Охрид да се грижиме за нивното домаќинско користење и одржување со оглед на тоа дека нивното реновирање траеше мошне долго и нè чинеше многу пари и труд.

Во наредните месеци нè очекуваат многу големи и значајни настани во организација на „Мобилност Македонија“, а многу настани се подготвуваат и од самите здруженија. Апелирам на што поголема масовност и учество и натпревар на идеи.

На крајот, би сакал да кажам некој збор и за еден проблем што долги години нè измачува сите. Имено, во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, а по барање на сопственикот на возилото, кога тоа се регистрира, Здружението на возачи каде што се врши техничкиот преглед по негово барање треба да издаде лепенка со која ќе се означи неговото возило ако се работи за лице со попреченост. Меѓутоа, за да се реализира ова треба да се донесе подзаконски акт-правилник со кој ќе се прецизира накои лица им следува таква лепенка, каков ќе биди изгледот на оваа лепенка и како ќе биди заштитена од можни фалсификати, со оглед на тоа дека со оваа лепенка ќе се остварува и правото за бесплатно паркирање во многу од нашите градови. Сведоци сме на тоа дека лепенки многу лица самите си ги изработуваат или ги купуваат во книжарници и трафики и масовно се злоупотребуваат местата за паркирање кои се наменети за лицата со попреченост. Крајно време е да се заложиме кај соодветниот министермалку поупорно да се донесе тој правилник и еднаш да се регулира ова прашање со што би можело да се избегнат масовните злоупотреби.

Ме зачуди фактот дека во Скопје не може да паркира лице со попреченост ако е од друг град или населено место, а сите лица со попреченост од Скопје непречено и неказнето се паркираат на таквите места низ целата држава. Случајот со девојката со попреченост од Велес мислам дека стигна и во средствата за јавно информирање. Кога за овој случај се заинтересираа и новинарите и го осудија подигањето на возилото за, наводно, непрописно паркирање, јавното претпријатие се извини и ѝ го врати возилото и не ѝ изрекоа санкција. После ова, колку што знам, сè продолжи по старо. Затоа мислам дека е крајно време еднаш засекогаш да се регулира овој проблем и да се стави крај на злоупотребите и двојните аршини на власта.

До наредниот број, се надевам, дека сите ќе бидеме со добро здравје и дека ќе пишуваме за други теми, а некои од овие проблеми ќе бидат надминати.

Митко Фидановски

ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 18.03.2023 година, во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, се одржа седница на изборно Собрание на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Северна Македонија – Мобилност Македонија, на која бе избрани органите и телата на сојузот за мандатниот период 2023-2027 година.

За претседател на сојузот повторно беше избран Бранимир Јовановски, за генерален секретар Софка Прчева, а за членови на новиот Управен Одбор на сојузот беа избрани: Бранимир Јовановски, Гоце Миновски, Нико Јанков, Елица Трпковска, Горан Војновски, Михајло Михајлов, Стеван Ангелески, Дивна Танева, Миланчо Арсовски, Велибор Јаќимовски, Нермин Суловски, Сузана Николова, Георги Питов, Никола Пеев, Небојша Пејоски и Бобан Јордановски

Во Надзорен одбор беа избрани: Даниела Гошева Кангова, Моме Јаќимовиќ и Авни Хисмани.

Комисија за избори и именувања: Бранимир Јовановски, Елица Трпковска, примариус д-р Нико Јанков, Миланчо Арсовски и Авни Хисмани.

За претставници на Мобилност Македонија во Националниот совет на инвалидски организации на Македонија беа избрани: претседателот Бранимир Јовановски и членот на Управниот одбор, Елица Трпковска.

На крајот од работниот дел на седницата беа разгледани и усвоени Програмата за работа на сојузот за 2023 година и Финансискиот план на потребни средства за реализација на Програмата на сојузот за 2023 година.

Б.Јовановски

ОДРЖАНИ ДВЕ СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

На 28.03.2023 година и на 10.08.2023 година се одржаа две седници на Управниот одбор на Мобилност Македонија во новиот состав со мошне обилен дневен ред. На првата седница по усвојувањето на Записникот од претходната седница на УО од одржана на 16.12.2022, претседателот на сојузот Бранимир Јовановски ги информираше присутните за: - одржано Изборно собрание за мандатниот период 2023-2027 година; - за донесената одлука за промена на името на Сојузот согласно обврските од Амандманот бр.33 од Уставот на Република Северна Македонија; - за одржана средба со амбасадорот на РСМакедонија во Словенија; -за одговорот на допис од канцеларијата на Народниот правобранител за пристапност во објектите на високото образование; - за учество на членови на сојузот во спортските активности – кошарка во количка; -учество на начи членови на Државно првенство во шах во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалиди на Македонија – Параолимписки комитет; -учество на наши членови на меѓународен атлетски митинг во Дубаи; - за отворениот случај во Државната комисија за дискриминација во врска со бесплатното паркирање на лицата со инвалидност кои не се жители на Скопје на паркинзите во градот Скопје.

Потоа се премина на избор на постојани комисии на сојузот и беа избрани:

- Статутарно-правна комисија: Митко Фидановски, Елица Трпковска и Марина Ташкова.

- Дисциплинска комисија: Марина Ташкова, Махмут Изаири и Марија Стојановска.

- Комисија за здравство: д-р Нико Јанков, Миланчо Арсовски и Борче Стојков.

- Комисија за труд и социјала: Горан Спасов, Проф.д-р Горан Ајдински и Проф.д-р Оливера Рашиќ Цаневска.

- Комисија за опоравок и рехабилитација: Тоде Арсов, Михајло Михајлов и Велибор Јаќимовски.

- Комисија за спорт: Проф. д-р Горан Никовски, Лидија Успрцова и Ристе Станковски.

- Комисија за култура: Стеван Ангелески, Гоце Миновски и Кире Огненовски.

- Комисија за образование: Габриела Јовчевска, Јелена Трајковиќ и Фани Јаќимовска.

- Уметнички одбор на Ликовна колонија: Проф. Зоран Јакимовски, Тома Димовски и Дејан Ѓорѓиевски.

За Редакцискиот одбор на гласилото „Мобилност“ беа избрани членовите на Управниот одбор на сојузот, како и Уредувачки одбор на гласилото „Мобилност“ во состав: Бранимир Јовановски, д-р Нико Јанков и Митко Фидановски.

Беа донесени Одлуки за: -за исплата на надомест за патни трошоци на лицата кои волонтерски ги обавуваат административните работи во здруженијата во 2023 година; - за исплата на првата дотација на средства за работа на здруженијата за 2023 година; - за исплата на средства на здруженијата, членки на Мобилност Македонија, за медицински помагала за 2023 година; - Распоредот на користење на објектите за опоравок и рехабилитација на Мобилност Македонија во Охрид за 2023 година, за бројот, местата и времето на користење на истите по здруженија се утврди едногласно. Матичните здруженија при распределбата на местата за опоравок и рехабилитација да се раководат според „Правилникот за начинот и условите на користење на објектите за опоравок и рехабилитација“, според однапред утврдени критериуми, регуларно и на транспарентен начин. Членовите корисници на објектите за опоравок и рехабилитација да го почитуваат Куќниот ред во истите. Здруженијата се должни јавно и транспарентно да ги информираат своите членови за можноста да користат опоравок и рехабилитација во објектите на сојузот во Охрид и во периодот од 1 до 15 април да овозможат прием на молби од членовите. -Да

се исплатува надомест за превоз во висина на автобуската карта од местото на живеење до Охрид и назад.За лицата во инвалидска количка ќе се пресметува надомест за потрошено гориво и тоа на изминати 100 км по 10 литри гориво; - Надоместокот за исхрана да се исплатува во висина од 3000 денари нето плус 11.11% персонален данок, само на членовите корисници на социјална помош и постојана парична помош. Членовите ова право ќе го остваруваат со поднесување на решение од Центарот за социјална работа или со чек за исплатен

надомест на право за социјална помош или право на постојана парична помош. Надоместок се исплатува и за придружникот. - Членовите на органите (Управен одбор, Собрание и одделни комисии) на сојузот ќе имаат право да поднесат молба за користење на репрезентативниот и новиот апартман во периодот од 1 до 30 април; - Барањето на Мобилност Струга, 5 членови 7 дена да бидат упатени на бањско лекување во Дебарските Бањи се усвои еденогласно, согласно склученот договор со АД „Дебарски Бањи-Цапа“.Трошоците за превоз ќе бидат надоместени во висина на цената на автобуската карта во бруто износ од местото на живеење до Дебар. - Се продолжи Договорот за дело со лицето Богоја Милевски со кој е назначен да ги врши работите во објектите за опоравок и рехабилитација во Охрид на позиција домаќин, хаус мајстор и одржувач на хигиената, а беше донесена одлука да се изврши генерално чистење на апартманите, да се направат потребните поправки, да се набави потребниот сите инвентар, да се спроведе дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите, потоа да се изврши сервис на ПП апаратите, да се сменат оградите од плексиглас на тарасите од објектите и да се смени лимот на настрешниците на објектите бр. 5, 5а, 6, 9, 10 и дел од бр.8, да се избушат одводи на терасите, да се набаваат полици во купатилата, да се избушат куки над креветите во објектите и се што е потребно, особено праговите кон излез на терасите да се нивелираат; - Да продолжи спроведување на контрола врз материјално-финансиското и административното работење во општинските организации – членки на Мобилност Македонија.

На крајот од седницата беа донесени одлуки за организирање на програмски активности и тоа: - Се донесе одлука за распишување на повик за организација на тематски работилници. Здруженијата имаат рок најдоцна до 30 април да доставаат предлог програма за организација на тематска работилница. Програмата треба да содржи битни и важни теми за нашето движење, да бидат обезбедени квалитетни едукатори и сл.; - Се донесе одлука дополнително да се одлучува за организирање на IX-та Масовна средба; - Се донесе одлука за организација на XXXV-те Републички спортски игри на лица со телесен инвалидитет на Македонија, закупување на пансиони во хотел „Струшки Галеб“ во Струга и исплата на трошоци за превоз на учесниците. Игрите ќе се одржат од 15-18.06. 2023 година на спортските терени во Струга и Охрид. Се донесе одлука да се поканат спортските екипи од сродни инвалидски организации во Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Бугарија и Србија да учествуваат на овие игри; - Се донесе одлука за организација на XXXV-то Државно првенство во шах за лица со телесен инвалидитет на Македонија, во септември или на почеток на месец октомври; - Се донесе одлука одржувањето XXIX-от Музички фестивал на лица со телесен инвалидитет на Македонија: Се повикуваат здруженијата да се пријават за организација на истите; - Се донесе одлука за одржување на квалификациски квиз натпревари во здруженијата на 14.09.2023; - Се донесе одлука за организација XXIX -от Републички квиз натпревар. -Се донесе одлука за одржување на традиционалната манифестација „Тортијада“ во организација на Мобилност Струмица и за таа цел на организаторот му се одобруваат 50.000,00 денари; -Се донесе одлука за одржување на Изложба на слики од 12-та Ликовна колонија а по повод 3-ти Декември Меѓународниот дена на лицата со инавлидност (во случај да се организира Меѓународна ликовна колонија); - Рокот за доставување на литературни творби за учество на XXVIII-те Литературни творби се утврди до 31 октомври, а истите да се одржат во рамките на одбележување на 4-ти декември; -Се донесе одлука да се организира одбележување на „4-ти Декември“- Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија. Здруженијата можат најдоцна до 1 ноември да доставаат предлог програма за организација на овој настан.

На втората седница на 10.08.2023 година беше разгледан и усвоен Записникот од претходната седница на УО од 28.03.2023, и дадена информација за реализирани активности помеѓу две седници на УО, како и информација за заминување на вработено лице во сојузот Софка Прчева во редовна пензија, а беше донесена одлука за ангажирање на лице за пополнување на испразнетото работно место.

Во натамошниот тек на седницата беа шпотврдени од-

луките донесени по електронски пат: -за учество на РСИ на Босна и Херцеговина, Зеница во организација на Сојузот на параплегичари и заболени од детска парализа на Федерацијата на БИХ; -за изработка и поставување на настрешници на 6 тераси во објектите за опоравок и одмор во Охрид (обејект бр. 5, 5а, 6, 9, 10 и допокривање на бр.8(поставување на пластифициран лим, поставување на вертикален и хоризонтален олук); -за исплата на II дотација за редовна дејност; - за корекција на месечна плата на вработените во оштинските здруженија и исплата на надоместок на генералниот секретар на сојузот.

Беа донесени и следните Одлуки: -за учество на екипа на Мобилност Македонија на РСИ во организација на Сојузот на параплегичари и квадриплегичари на Србија; - за учество на екипа на Мобилност Македонија на 54-ти Хроватинов меморијал во Словенија; -за одржување на XII-та Меѓународна ликовна колонија; -за утврдување на датум за одржување на Републички Квиз натпревар; - за набавка на потртебен ситен инвентар во објектите за опоравок и одмор во Охрид; -поднесен извештај за тековно користење на објектите за опоравок и рехабилитација во Охрид; -за исплата на III-та дотација за редовна дејност.

Б.Јовановски

„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ГО ОДБЕЛЕЖА 30 МАЈ - СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО МУЛТИПЛЕКС СКЛЕРОЗА

На 30.5.2023 година, Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Северна Македонија – „Мобилност Македонија“, по повод 30 Мај - Светскиот ден на мултиплекс склероза, а со цел за подигнување на јавната свест за проблемите со кои се соочуваат лицата со мултиплекс склероза и нивните специфични потреби за поквалитетен живот и социјална инклузија, во 11 часот организираше марш од пред „Порта Македонија“, кој продолжи по десната коловозна лента на улицата „11Октомври“ во правец на Собранието на РСМ, сè до Домот „Даре Џамбаз“, марш на кој се приклучија повеќе од 100 лица со мултиплекс склероза, параплегија и дистрофија од здружените членки на „Мобилност Македонија“. На настанот присуствуваше градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска, потоа градоначалникот на општина Гази Баба, Бобан Стефковски, претставници од општина Центар, како и повеќе поддржувачи и симпатизери на нашето движење, како што се Борче Стојков од ЦОП Славеј, д-р Соња Бојаџиева, педијатар при детска клиника во Скопје, Марија Димишковска, едукатор и организатор при археолошки музеј во Скопје, проф.Виолета Ачковска, Менче Точи, група „Круна“, физиотерапевти, претставници на електронски и пишани медиуми, и многу други.

„Ова се денови кога се преземаат активности со цел подигање на јавната свест за проблемите со кои се соочуваат лицата со мултиплекс склероза, параплегија и дистрофија и потребата од подобрување на нивните права за независен, самостоен и целосно интегриран живот во општеството. Живе-

еме во време на сериозна енергетска и економска криза, притиснати од високиот процент на инфлација и сериозен раст на цените на основните услуги и средства на живот. Во такви услови, институциите на државата мораат да вклучат многу поголема грижа за своите најранливи граѓани, а тоа се лицата со инвалидност кои немаат алтернативни решенија. Побаравме зголемување на надоместоците по основ на инвалидност како компензаторна мерка за што полесно справување со кризата и врзување на нивниот раст со растот на просечната месечна плата во Република Северна Македонија, меѓутоа до ден-денес ниту е реализирано нашето барање, ниту пак имаме некое навестување дека истото ќе има позитивна разрешница. Исто така пристапноста до објектите, јавното опкружување и транспортот и понатаму се сериозни проблеми со кои се соочуваат лицата со потежок телесен инвалидитет, особено оние кои се движат со инвалидски колички, и крајно време е локалните самоуправи, но и институциите на државата да обрнат поголемо внимание за овозможување на еднакви можности и целосна инклузија на лицата со инвалидност во сите пори на општеството, на што впрочем ги обврзува и ратификуваната Конвенција на ООН за правата на лицата со инвалидност“, истакна во своето излагање претседателот на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски.

За невидливите симптоми на оваа болест, кои имаат големо влијание во секојдневниот живот на лицата заболени од мултиплекс склероза, како и за покриеноста од лекарства за третман на ова заболување и потребата од сериозна поддршка од страна на заедницата, а пред сè од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, говореше Христина Просковска од „Мобилност Скопје“. Луѓето погодени од МС и оние околу нив ги охрабруваме да се поврзат и да ги шират врските: поврзување со заедницата, самоповрзување и поврзување со квалитетна нега и здравствена заштита.Таа истакна дека во нашата држава има евидентирано повеќе од 1.500 лица кои се соочуваат со МС, а според податоците од Клиниката за неврологија, околу стотина лица со мултиплекс склероза се дијагностицираат секоја година, а соодветна терапија нема доволно ниту за евидентираните пациенти, а камоли за ново дијагностицираните кои се ставаат на листа на чекање. Почетните симптоми на МС се пречки кај сетилата, намалување на острината на видот, губење сила во еден или во повеќе екстремитети, двојни слики, нарушување на рамнотежата и вртоглавица. Симптомите најчесто се јавуваат кај популација од 20 до 40 години.

Пред присутните се обрати и претседателот на „Мобилност Скопје“, Гоце Миновски, истакнувајќи дека овој марш традиционално го организираме веќе седум години, заедно сплотени лицата заболени од мултиплекс склероза, параплегија и дистрофија. Искрено се надева дека ова наша активност и кампања ќе придонесе работите да се поместат во насока на позитивно решавање на потребите и правата на лицата со телесен инвалидитет во следниот период.

Б.Јовановски

ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ТЕКСТ НА ЗАКОНОТ ЗА СИСТЕМ НА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

На 5.6.2023 година, во Клубот на пратеници во Скопје, во организација на Министерството за труд и социјална политика, се одржа Јавна расправа по нацрт- текстот на Законот за систем на проценка на лицата со попреченост, на која присуствуваа претставници на повеќе засегнати организации меѓу кои и „Мобилност Македонија“.

По воведните зборови од страна на заменик-министерот за труд и социјална политика, Енвер Хусејин, претставникот на експертската група којашто го изготвила нацрт-текстот на законот, Дарко Јаневски, истакна дека со овој закон се уредува системот на проценка на лицата со попреченост, организацијата, надлежноста, групите вработени и начинот и изворите на финансирање на Централното координативно тело за проценка на лица со попреченост, условите и постапката за лиценцирање на лицата кои вршат проценки, условите и постапката за сертифицирање на обучувачи кои спроведуваат обуки за вршење проценки, начинот на вршење на проценка на лицата со попреченост и издавање на наод и мислење и потврда за лице со попреченост, надоместоците и трошоците во системот за проценки на лица со попреченост, воспоставувањето и водењето на регистарот на лицата кои вршат проценки и на регистарот на лица со попреченост, воспоставувањето и администрирањето на информацискиот систем за проценка на лицата со попреченост, како и други прашања од значење за системот за проценки. Проценка, во смисла на овој закон, претставува утврдување на попреченост како долготрајна телесна, интелектуална, ментална или сетилна оневозможеност на лице, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите граѓани, како и определување на нивото на преостаната работна способност и потребна поддршка на лицето.

Присутните дадоа повеќе сугестии и предлози за измени и дополнувања на нацрт-законот пред да влезе во владина процедура, најважни од нив беа барањата да бидат ослободени од плаќање на услугата за добивање на проценка за попреченост сите баратели (колку и тие да бидат симболични, како што велат изработувачите на текстот), без оглед на возраста на барателите, бидејќи законот предвидува тарифник кој ќе го утврди министерот за труд и социјална политика со кој се предвидува плаќање за ова услуга, а воедно доколку се воведе плаќање на ова услуга ќе се вратиме чекор наназад, бидејќи сега деца и младинци до 26 години се ослободени од плаќање на партиципација за проценка на степен на попреченост, потоа барање системот да се надгради врз веќе постојната меѓународна функционална класификација на деца и младинци, која веќе се имплементира одреден период,за составот на експертските тимови за проценка, кои профили на експерти би требало да се додадат освен предложените, а најголема забелешка беше дека самиот текст на законот наликува на медицински модел на третирање на попреченоста, кој ние, организациите на лицата со инвалидност, но и институциите на државата се трудиме да го замениме со социјалниот модел и мотото „Ништо за нас, без нас“, како и забелешката дека одредбите од Законот треба да бидат компатибилни и во духот на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, која РСМ ја ратификуваше 2011 година и од тогаш е обврзувачка при изготвувањето на домашната легислатива.

Б.Јовановски

ВТОРА СЕСИЈА НА ТЕМА НЕЗАВИСНО ЖИВЕЕЊЕ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

На 27.6.2023 година, на платото пред вилата „Водно" во Скопје, во организација на УНДП и Владата на РСМ, со поддршка на сопругата на претседателот на Република Северна Македонија, г-ѓа Елизабета Ѓоргиевска и со Националните сојузи и организации на лица со попреченост, се одржа отворена дискусија на тема „Да ја отпакуваме Конвенцијата на Обединети нации за правата на лицата со попреченост по однос на правото на независно живеење на еднаква основа со останатите граѓани – Што ми е потребно за да живеам независно?"

Отворената дискусија беше организирана со цел подигнување на нивото на разбирање и свесноста за правата на лицата со попреченост помеѓу носителите на самите права, односно самите лица со попреченост и носителите на јавните политики, како и информирање на јавноста по однос на состојбата и заложбите на сите чинители по однос на идентификување на предизвиците со кои се соочуваат и потребата од поддршка за јакнење на капацитетите за нивно надминување.

Настанот го отвори госпоѓа Елизабета Ѓоргиевска со поздравен говор, истакнувајќи дека денешната дискусија е во насока на јавна поддршка за лицата со попреченост, која воедно е и можност за почеток на вистински промени.

Според сопругата на претседателот, во „Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост", која Северна Македонија ја ратификуваше во 2011 година, како основни начела се наведени постулатите на вистинско праведно и инклузивно општество, за кое се залагаме и ние. Таа додаде дека, за жал, многу од овие начела не се сè уште постигнати, а тоа го потврдува и Анализата на состојбата со правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија, направена во 2021 година од агенциите на ОН во земјава и локални експерти од областа.

„Воочлив е и нерамномерниот напредок кога станува збор за правата на жените и девојчињата со попреченост. Нивните права се составен дел од пошироката борба за родова еднаквост и социјална правда. Би сакала да се осврнам на двојната маргинализација во нивниот случај. Секако не се мали предизвиците со кои се соочуваат и дополнително се соочуваат и со предизвиците поврзани со родовата нееднаквост. Реалност која често останува под слоевите на дискриминација и недостаток на емпатија", нагласи г-а Ѓоргиевска, додавајќи дека наша обврска е да го заштитиме правото на еднаквост, да ги разобличиме предрасудите и да создадеме амбиент во кој маргинализираните и ранливите нема да бидат заборавени или игнорирани.

Реафирмирајќи ја својата лична посветеност и поддршка за достигнување на главната цел на Конвенцијата на ОН: унапредување, заштита и обезбедување на целосното и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на лицата со попреченост, како и унапредување на почитувањето на нивното вродено достоинство, Ѓоргиевска повика заеднички да работиме за остварување на оваа цел, преку отелотворување на зборовите во безгранични можности за лицата со попреченост.

Воведно обраќање имаше господин Армен Григорјан, постојан претставник на Канцеларијата на Програмата за развој на Обединети нации, кој истакна дека Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост е основа на нашата работа при што се реафирмира заложбата дека сите лица со попреченост мора да ги уживаат сите човекови права и фундаментални слободи, но во исто време и да го заштити достоинството на лицата со попреченост. УНДП реализира низа проектни активности, заедно со лицата со попреченост, директно насочени кон нив, при што посебно внимание се обрнува на создавање услови и можности за нивна активација на пазарот на трудот, пристап до квалитетно образование и обука, со цел нивно целосно вклучување и независно живеење во заедницата на еднаква основа со сите, потенцираше Григорјан.

Елена Кочовска од Движењето „Полио плус" истакна дека секоја акција, секоја мерка и мисла на чинителите или

центрите на моќ треба да се во согласност со принципите на пакетот 8+1, бидејќи тие се алатки со кои лицата со попреченост ќе ги уживаат граѓанските и политичките права. Според неа, независното живеење зависи, пред сè, од прифаќањето на нивната разноличност, на нивната состојба како дел од човековата разноликост, прифаќање и промовирање на нивниот идентитет при што овие три принципи го заокружуваат пристапот за човекови права на коишто посочува Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

На денешниот настан, учесниците јавно дискутираа на неколку поглавја од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност и тоа:

· Хабилитација и рехабилитација;

· Здравствени услуги;

· Образование;

· Вработување (самовработување; поддржано вработување, вработување во јавна администрација)

· Сервиси за поддршка на независно живеење;

· Услуги достапни во локалната заедница (личен асистент, работен асистент, помош во домот, нега во домот, пристап до јавен превоз, асистивна технологија и др.)

Во првиот дел од настанот за дискусија и предизвиците, со кои се соочуваат во секојдневниот живот, се јавија повеќе дискутанти, меѓу кои Снежана Караџовска, лице со двојна натколена ампутација, Бранимир Јовановски, претседател на „Мобилност Македонија“, Благица Димитриевска од „Инклузива“, Христина Просковска од „Мобилност Скопје“, и други дискутанти.

Во дискусијата учествуваа и Инес Булиќ-Кожокариу, директорка на Секретаријатот на Европската мрежа за независно живеење – ЕНИЛ и Суела Лала, член на Управниот одбор на Европската мрежа за независно живеење – ЕНИЛ.

Учесниците на настанот очекуваат исходот од дискусијата да им овозможи на организациите на лицата со попреченост поефикасно да се застапуваат со цел нивно вклучување во следењето на имплементацијата на Конвенцијата на Обединети нации за правата на лицата со попреченост и Целите за одржлив развој, но и во процесите на носење одлуки на национално и локално ниво.

Заклучоците и наодите беа споделени и дискутирани со присутните претставници на министерствата, амбасадите и дипломатскиот кор во насока на зголемување на видливоста на состојбите и залагањата на лицата со попреченост и организациите кои ги застспуваат со цел имплементација на УН КПЛП за независно живеење на еднаква основа со сите останати.

Според нас, општа констатација од дискутантите е дека живееме во сè уште непристапно општество во кое дури и денес, по ратификувањето на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност, градежниците и секторите за урбанизам во локалните самоуправи не ги почитуваат елементите на пристапност во новите градби и непосредното опкружување, дека децата и младите се соочуваат со пречки и бариери во образовниот процес (пристапност, асистивна технологија, образовни асистенти, наставни програми....) кои подоцна се рефлектираат и како пречка при вработувањето и обезбедувањето на егзистенција, дека и покрај големата лепеза на софистицирани ортопедски помагала, за кои се изборивме пред 2-3 години, сè уште има неопходни помагала за различен вид на инвалидитет кои не се на позитивната листа на ФЗОМ, а истите се неопходни за независното живеење на лицата со инвалидност, и уште многу други потреби кои беа искажани пред претставниците на канцеларииите на ООН во државата, претставниците на амбасадите, на министерствата и заеднички заклучок е обединети да ја продолжиме борбата за подобрување на правата и положбата на лицата со инвалидност, пред сè правото на независен живот, при што присутните претставници покажаа подготвеност да ни помогнат во таа заложба.

Настанот што се реализираше со поддршка на сопругата на претседателот е дел од активноста во рамките на заедничкиот проект на организациите на ОН – УНДП, УНИЦЕФ и УНФПА „Од знаење и ангажман – до јакнење и учество”, на министерствата за труд и социјална политика, образование и здравство и на организациите кои ги застапуваат лицата со попреченост.

Б.Јовановски

ВАЖНО ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЧКИ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПАТАРИНА

Јавното претпријатие за државни патишта на СРМ испрати допис до сојузот, во кој нè известува дека со промените во законот сите регистарски таблички треба да ја содржат кратенката NMK и при регистрација возилото ќе добие нова сообраќајна регистрација.

За да можете да ја користите електронската картичка за ослободување од плаќање патарина, ќе мора промената на регистрацијата да ја пријавите како и досега и да ги приложите следниве документи:

-старата членска карта (жолта, заверена со печат од ЈП за државни патишта);

-една фотографија (за нова членска книшка);

-наод со дијагноза (согласно член 66 од Законот за јавни патишта);

-фотокопија од сообраќајната дозвола со новите таблички.

НАПОМЕНУВАМЕ: Откако ќе ги замените регистарските таблички со нови, немојте да поминувате на патарина со електронската картичка сè додека не ја ажурирате со новиот регистарски број

Б.Јовановски

РАБОТНА СРЕДБА СО НОВИОТ АМБАСАДОР НА РСМ ВО СЛОВЕНИЈА, ГОРАН МИЛЕВСКИ

На 21.3.2023 година, во канцеларијата на „Мобилност Македонија“, претседателот на сојузот, Бранимир Јовановски, оствари работна средба со новоименуваниот амбасадор на Република Северна Македонија во Република Словенија, Горан Милевски.

Низ разговорот ја потенцираме соработката што со години наназад ја имаме со Сојузот на параплегичари на Словенија, предводени од претседателот Дане Кастелиц, за повеќето организирани и успешно спроведени тематски работилници и официјални посети на делегации од двете држави, додека амбасадорот ја потенцираше идејата за користење на бањските ресурси и друга конкретна помош која може да се реализира во иднина.

Напомена дека ќе ја разгледа можноста за добивање на конкретна помош на нашите членови, но и можност за продлабочување на соработката меѓу инвалидските организации од двете држави.

На крајот од дискусијата, на нашиот амбасадор Горан Милевски му посакавме убав престој во Република Словенија, успешна работа и промоција на нашата држава, нашето стопанство, нашата култура, спортот и сето она што нè краси како држава.

На состанокот присуствуваа и Софка Прчева, генерален секретар на „Мобилност Македонија“, како и претседателот на „Мобилност Велес“, Миланчо Арсовски и секретарот Билјана Гаврилова-Станковска.

Б.Јовановски

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА КЛУЧНИТЕ НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА ЗА ПРИСТАПНОСТ ДО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

На 20.7.2023 година, во хотелот „Александар палас“ во Скопје, Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, во соработка со Народниот правобранител, а со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) во рамки на проектот „Практикувај демократија“, поддржан од Британската амбасада во Северна Македонија, ја презентираше изготвената анализа која има за цел да ја согледа состојбата со пристапноста до високото образование за лицата со попреченост. Иницијативата за оваа студија произлегува од обврската на државите потписнички на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост да обезбедат лицата со попреченост да имаат пристап до високото образование, без дискриминација и на еднаква основа со другите, поради што е потребно да овозможат разумно приспособување за лицата со попреченост.

Анализата ја утврдува физичката пристапност на објектите на факултетите кои се во рамки на државните универзитети, достапната литература во пристапен формат обезбеденоста со асистивна технологија и/или друг вид на индивидуализирана поддршка за студентите со попреченост како и евалуација на бројот на студенти со попреченост во сите три циклуси на студии.

По воведните излагања и обраќања од госпоѓа Дона Костуранова, директорка на ВФД за Северна Македонија, госпоѓа Васка Бајрамовска-Мустафа, заменик Народен правобранител, потоа претставничката од Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп, и на господин Исмаил Камбери, претседател на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, програмскиот менаџер во „Отворете ги прозорците“, Кристијан Лазарев ги презентираше клучните наоди од анализата.

За дискусија се јавија поголем број на студенти со попреченост кои ги образложија пречките со кои се среќавале, или сè уште се среќаваат во текот на високообразовниот процес, а за дискусија се јави и претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, кој ги апострофираше клучните проблеми со кои се среќаваат студентите со телесен инвалидитет во образовниот процес и што се сме направиле како сојуз, кој ги застапува и претставува лицата со телесен инвалидитет во Северна Македонија, за подобрување на ова состојба и овозможување на пристапност до објектите во кои се изведува настава, како и ослободување од партиципација за студирање во сите три степени на високо образование.

Б.Јовановски

ТРКАЛЕЗНА МАСА - УЧЕСТВО НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ИЗБОРНИТЕ ПРОЦЕСИ

На 29.3.2023 година, во ресторан „Грација“ во Куманово, Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) организираше тркалезната маса за учеството на лицата со попреченост во изборните процеси.

Правото на рамноправно учество во изборните процеси за лицата со попреченост – да бидат гласачи, кандидати, членови на изборни органи или набљудувачи – е од особена важност за обезбедување демократски изборен процес кој ги исполнува критериумите за етика и интегритет. Овој настан ги вклучи засегнатите страни во истражување на можностите и опциите за постигнување на поправедна застапеност на лицата со попреченост во изборните процеси, со цел да се придонесе не само кон подобри законски и политички решенија за лицата со попреченост, туку и кон подобро општество за сите.

По краткото поздравно обраќање на модераторот на настанот, поздравен говор имаше Јоана Козма, директорка на Канцеларијата на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во Скопје.

Осврт кон изборните реформи за еднакво учество на лицата со попреченост даде Александар Даштевски, претседател на Државната изборна комисија (ДИК), додека за резултатите и клучните согледувања од Анализата за етика и интегритет во изборниот процес за лицата со попреченост говореа: Маргарита Цаца Николовска од Институт за човекови права, и Благица Димитровска од Здружение за промоција и развој на инклузивно општество „Инклузива“.

Во делот од дискусијата имаше пријавено повеќе дискутанти, меѓу кои и претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, кој истакна дека и „Мобилност Македонија“, како и другите национални инвалидски организации, долги години наназад активно учествува во подобрување на изборниот процес преку директно учество на свои членови во улога на обучувачи, набљудувачи или анкетари за пристапност на изборните гласачки места, за кои е изработена и соодветна студија. Истакна дека најголем проблем на вклученоста на лицата со инвалидност како гласачи, како активни учесници на изборните гласачки листи или како набљудувачи на изборниот процес, се бариерите кои оневозможуваат пристапност до и во гласачките места, потоа форматите на кампањите и гласачките ливчиња кои не се достапни за сите лица со инвалидност, но и сè уште постојната парадигма дека лицата со инвалидност се болни и немоќни, што дополнително придонесува кон ова состојба.

НСИОМ и здружените национални инвалидски организации, пред одржувањето на последниот извршен попис во нашата држава, побараа од ДИК и од Собранието на РСМ во гласачките ливчиња да бидат вметнат графи и прашања со кои на некој начин ќе се преброиме и ќе се утврди на колкава популација ѝ е потребен каков тип на поддршка, но за жал тоа не се случи. Се надеваме дека во најскоро време ќе се комплетира Регистарот на лица со попреченост (инвалидност), кој би требало да го ажурира Министерството за труд и социјална политика, па на ваков или онаков начин да се преброиме, како би можеле институциите да кројат подобри политики, оти ќе имаат претстава одредена услуга или воспоставено право за колкава популација ќе се однесува и какви би биле фискалните импликации за реализација на истите.

Од друга страна, и малкуте лица со инвалидност кои се одважија да бидат дел од гласачките листи, беа обично на ниски, недобитни места, што самата постапка од нивно вклучување во изборниот процес ја прави повеќе форма отколку суштина. За жал, во нашата држава (за разлика од Србија, Хрватска, Црна Гора, Словенија) досега ниту едно лице со инвалидност не доби доверба да биде избрано за пратеник во Собранието, да ја добие можноста директно од собраниската говорница да се обрати до широкиот аудиториум и да проговори за потребите на лицата со инвалидност, да може со колегите пратеници да поднесува амандмани и да бара измени и дополнувања на законите, туку обично нашите потреби беа интерпретирани од другите пратеници (што и не е лошо), меѓутоа сметам дека е време да се интерпретираме сами и токму со тоа да придонесеме кон рушење на парадигмата за болест и неспособност на лицата со инвалидност.

Пристапноста на гласачките места треба да се постигне со премостување на бариерите (скалите), но не со каква била рампа, туку рампа согласно стандардите (1:20 или најмногу 1:12). Тоа во пракса значи дека за да се премости висинска разлика од 50цм (3 скали отприлика) потребна е рампа со должина од 10 метри (1:20) или најмалку од 6 метри (1:12), што не е случај на повеќето места. И не само тоа, потребно е да се обезбедат и пристапни тоалети, паркинг-места, ракофати...

Ако знаеме дека повеќето гласачки места се наоѓаат во училиштата или во канцеларииите на подрачните единици на одредени министерства, со самото нивно приспособување за пристапни, генерално ја подобруваме пристапноста и до образовниот систем и услуги за граѓаните со попреченост. А за тоа колку е потребно да се подобри образовниот систем нека посведочи само податокот од Агенцијата за вработување според кој на почетокот на оваа година, од вкупно 1339 лица со инвалидност активни баратели на работа, 839 се без образование или со завршено основно образование и дополнително 215 лица со непотполно средно образование, апсолутно неконкурентни на пазарот на трудот.

Свесни сме дека ова не е обврска на ДИК бидејќи тие објекти не се во нивна сопственост, меѓутоа локалната самоуправа и генерално Владата на РСМ треба да преземе конкретни чекори за подобрување на ова состојба.

Тркалезната маса е дел од проектот *Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија* на Владата на Швајцарија, имплементиран од ИФЕС. Главната цел на проектот е да ги поддржи демократските и кредибилни изборни процеси што го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција, овозможувајќи им на гласачите слободно да ги избираат своите претставници и да ги повикуваат на одговорност.

Б.Јовановски

САМИТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ПАРАОЛИМПИСКИТЕ КОМИТЕТИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Од 12 до 15.3.2023, во Комотини, Грција, беше одржан самит на Параолимписките комитети на Југоисточна Европа, на кој учествуваа претседателите и генералните секретари на комитетите од: Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Кипар и Израел.

За време на престојот во Комотини, имавме можност да се дружиме со младите пингпонгари, да ги споделиме со нив нашите искуства како поранешни спортисти и освојувачи на медали од Параолимписки игри, да придонесеме при градењето на нивно меѓусебно пријателство, респект и фер однос кон спортот и колегите спортисти.

На 13 и 14 март се одржаа неколку работни состаноци со претставниците од наведените комитети, а на крајот на одржувањето на Самитот, во Градската библиотека во Комотини, во присуство на претставниците на медиумите и градоначалникот на Комотини, беше потпишан Договор за спортска соработка кој вклучува повеќе полиња на заеднички интерес, пред сè размена на знаења и искуства за зајакнување на самите институции и развој на параолимпиското движење.

Беше договорено Параолимписките комитети, потписници на овој Договор, да соработуваат на полето на развојот на параолимпискиот спорт, истражувања кои се однесуваат на едукација и инклузија на младите лица со инвалидност низ спортот, развој на програми за промоција на параолимпискиот спорт, развој на програми за размена на искуства и знаења од спортисти и тренери, антидопинг програми, едукација на регионални класификатори по одделни спортови, промоција на параолимпискиот спорт и посебна грижа за вклучување на младите лица со инвалидност и жените со инвалидност во спортот.

Самитот се одржа во организација на Параолимпискиот комитет на Грција, кој беше претставен од претседателот Георгиос Капелакис. Тој се заблагодари за големиот одзив и присуство на претставници од поканетите параолимписките комитети, и ја истакна заложбата идната година на оваа наша заедничка платформа да се приклучат и другите комитети од овој регион на Европа.

Гости на самитот беа претставниците на Параолимпискиот комитет на Косово.

Б.Јовановски

ПРОГРАМА НА УНДП ЗА КРЕИРАЊЕ НА МОЖНОСТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА СИТЕ

Во рамките на нашите заложби за вработување на лицата со телесен инвалидитет, во прилог дописот и флаеротшто господин Ardian Skikuli од УНДП го достави до сојузот:

„Почитувани,

Ве информираме дека програмата за самовработувањелица со попреченост е во тек и е отворена за пријава на потенцијални кандидати. Ве молам, споделете ја информацијата со Вашите мрежи, со цел истата да пристигне до што е можно поголем аудиториум.“

„Мобилност Македонија“ ги повикува сите заинтересирани членови подетално да се информираат и да се пријават во програмата во локалните центри за вработување во местото на нивното живеење.

Б.Јовановски

ДОДЕЛЕНИ ПЛАКЕТИ ЗА ПОДДРШКА И АФИРМАЦИЈА НА СПОРТОТ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ

Спортистите со инвалидност, особено параолимпијците стрелци, децении наназад бележат забележителни успеси и резултати, освојувајќи медали од највисоките нивоа на натпреварување, како што се Параолимписки игри, Светски и Европски првенства, Светски купови..., достојно афирмирајќи ја Република Македонија и веејќи го нејзиното знаме со звуците на македонската химна низ сите меридијани во светот.

Сето ова би било невозможно без сериозна поддршка од одредени институции и одговорните лица кои раководат со нив.

Управниот одбор на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија донесе одлука да им додели плакети на заслужните лица и институциите, за нивната континуирана и несебична поддршка и афирмација на спортот на лицата со инвалидност во нашата држава и пошироко.

Денес, претседателот на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски, им врачи плакети на:

- министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски;

-Министерството за внатрешни работи;

-директорот на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсовски и

- Агенцијата за млади и спорт.

Им се заблагодаривме за досегашната поддршка и залагање кое резултираше со освојување на многубројни медали од меѓународни натпревари, со надеж дека соработката ќе ја интензивираме и надградуваме во иднина.

Б.Јовановски

НА СПОРТСКИОТ САЕМ ПРОМОВИРАНА БРОШУРАТА ВО ИЗРАБОТКА: „HEPA GUIDE LINES FOR CHILDREN WITH DISABILITIES BASED ON GYMNASTIC AFTER COVID-19“

На 12.4.2023 година, во арената Борис Трајковски во Скопје, во рамките на првиот инклузивен спортски саем „Спорт за сите”, со целосно почитување на човековите права во интерес на сите граѓани. Настанот „Спорт за сите”, организиран во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации и во партнерство со Националните сојузи и организации на лица со попреченост, на кој панелисти беа: Славица Грковска-заменик на претседателот на Владата на РСМ, Армен Григоријан-постојан претставник на Програмата за развој на Обединетите нации, Јетон Шаќири-министер за образование и наука, Ристо Пенов-министер за локална самоуправа, Наумче Мојсовски-директор на Агенција за млади и спорт и Бранимир Јовановски-претседател на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија. Претседателот Јовановски го

промовираше проектот GYM4ALL - Gymnastics for children with disabilities, кофинансиран од Erasmus+ програмата на Европската Унија, во кој нашиот комитет учествува како партнер.

Пред повеќе присутни посетители, претседателот Јовановски ги објасни основните проектни активности и истакна дека во финална фаза на изработка се наоѓа посебна Брошура-прирачник наречен: HEPA guide lines for children with disabilities based on gymnastic after COVID-19, во кој читателите ќе се сретнат со повеќе содржини, меѓу кои ориентациска листа на видови на попреченост, значењето на вежбите базирани на елементи на гимнастика кај децата во развој, приспособување на вежбите за децата со попреченост, посебно за деца со визуелни оштетувања, со оштетување на слухот, со тешкотии во учењето, со телесни оштетувања и хронични заболувања, со намалени интелектуални способности, деца со аутизам, физички вежби во услови на пандемија на ковид-19 и други содржини.

Имаше повеќе заинтересирани лица кои поставуваа прашања и се интересираа како да дојдат до брошурата, на што им одговоривме дека Брошурата се очекува наскоро да излезе во печат, а ние во електронска форма ќе ја поставиме на нашата веб и фејсбук-страница и ќе биде достапна до сите.

Б.Јовановски

ДОДЕЛЕНА ПЛАКЕТА НА МИНИСТЕРКАТА ЗА ОДБРАНА, СЛАВЈАНКА ПЕТРОВСКА, И НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РСМ

На 15.5.2023 година, во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, претседателот на Параолимписки от комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски, на министерката за одбрана, Славјанка Петровска, ѝ врачи плакета во знак на искрена благодарност за поддршката и афирмацијата на спортот на лицата со инвалидност во нашата држава.

Истакнувајќи дека спортското стрелаштво има допирни точки со Министерството за одбрана, за време на кусата работна средба ѝ се заблагодаривме на министерката за одбрана за разбирањето и директната помош што министерството ја дава во тренажниот процес и освојувањето на медалите од страна на нашите стрелци на меѓународните првенства во изминатите години, со надеж дека соработката ќе продолжи и ќе се интензивира и во иднина.

Го истакнавме проблемот со немање на соодветен простор за одржување на тренажен процес и натпревари во стрелаштво, пред сè потребата од сопствено воздушно стрелиште, при што министерката во разговорот истакна неколку можни решенија за позитивно премостување на овој наш сериозен проблем и потреба, на чија реализација ќе работиме во периодот кој следува.

Уште еднаш, во името на нашите спортисти стрелци, освојувачи на многу медали од параолимписки игри, светски и европски првенства, сакаме да ја истакнеме големата благодарност до Министерството за одбрана на РСМ и до министерката Славјанка Петровска.

Б.Јовановски

ОДРЖАН СРЕДНОРОЧНИОТ СОСТАНОК НА ПРОЕКТОТ GYM4ALL - ГИМНАСТИКА ЗА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Од 9 до 11.6.2023 година, во Осиек, Република Хрватска, беше одржан среднорочниот состанок (midtermmeeting) на партнерите во проектот #GYM4ALL, од Еразмусплус програмата, кофинансиран од Европската Унија, на кој состанок учествуваа и претставниците на партнерот во проектот од Параолимписки от комитет на Северна Македонија, проектменаџерот Бранимир Јовановски и генералниот секретар на комитетот, Драган Дојчиноски.

По воведните и поздравни зборови на проект-координаторот на проектот #GYM4ALL, Марио Шкегро, се премина на презентација на активностите на среднорочниот состанок, а потоа беше презентиран прирачникот „Презентација на ХЕПА-тренинг модулот“ во рамките на проектот #GYM4ALL.

По презентацијата на прирачникот беше развиена дискусија во врска со опфатените теми во него, при што беше заклучено дека ги содржи потребните инструкции за спроведување на гимнастика за деца со различен вид на попреченост, што всушност е и цел на проектот. Во натамошниот тек на состанокот се премина на дискусија за подготовка на следните активности, односно на имплементација на тренинг модулот кој го спроведуваат три партнери и тоа Гимнастичкиот клуб Книн, СД Севница и Бартоломеј, а кој меѓу другото опфаќа: конекција на партнерите со гимнастички клубови, екипирање на салите за гимнастика со неопходни реквизити, селекција на целни групи (деца со попреченост), потпишување на родителска согласност со родителите на децата вклучени во проектот, спроведување на обуките, подготовка



и пополнување на прашалник за спроведените обуки и тренинзи, како и пишан извештај на партнерите за спроведените активности.

Состанокот заврши со заедничка вечера на учесниците на проектот на која дополнително се разговараше за искуствата на партнерите во спроведување на проектот.

На 10 и 11.6.2023 година беа реализирани обуки за вовед и подготовки за спорт гимнастика, подготовка на локомоторниот систем за превенција од повреди во гимнастика, вежби за истегнување по завршување на тренинг, а дел од учесниците имаа можност и да го следат финалето на светскиот куп во гимнастика што се одржуваше во Осиек.

Б.Јовановски

ПРОМОВИРАН ХЕПА-ПРИРАЧНИКОТ ЗА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ЗАСНОВАН НА ГИМНАСТИКА ПО КОВИД-19

За време на одржувањето на среднорочниот состанок на партнерите во проектот GYM4ALL:Gymnastics forchildrenwithdisabilities, беше промовиран ХЕПА-Прирачникот за деца со попреченост заснован на гимнастика по ковид-19.

ХЕПА (HealthandEnergyPlatformof Action) е европска мрежа за унапредување на физичкото здравје и е една од седумте европски комисии во служба на здравјето. Таа служи за промовирање на здравјето и благосостојбата на европските граѓани преку олеснување на развојот на националните политики за физичка активност. Од 1996 година е под покровителство на Програмата на Европската комисија за промоција на здравјето. Упатствата во Прирачникот се дизајнирани за да им помогнат во физичката активност за подобрување на здравјето на децата со попреченост врз основа на гимнастички вежби.

Авторите на Прирачникот, разбирајќи ја критичната улога на физичката активност во целокупното здравје и благосостојба, истакнуваат дека овој прирачник претставува сеопфатен водич за промовирање на физичката кондиција кај децата со пречки во развојот преку вежби засновани на гимнастика.

Гимнастиката, како спорт, го стимулира мозокот, ги поттикнува социјалните вештини и ја зајакнува грубата и фината моторика. Овие вежби не се корисни само за физичкиот развој на детето, туку помагаат і во зајакнувањето на нивните когнитивни и социјални способности. Тие им дозволуваат на децата да учат со сопствено темпо, да слушаат, да ги следат упатствата, да се менуваат и да комуницираат со другите, што доведува до сеопфатен развој.

Според тоа, овој прирачник служи како алатка за воспитувачите, родителите, терапевтите и сите кои се вклучени во грижата за развојот на децата со пречки во развојот. Наведените активности засновани на гимнастика се дизајнирани да бидат приспособливи, инклузивни и пријатни, а сето тоа промовирајќи го физичкото здравје и целокупната благосостојба.

Во самиот текст на Прирачникот може да се добијат корисни и употребливи информации за дефиницијата на физичките активности и физичката вежба, тешкотиите во развојот, улогата на вежбите базирани на гимнастика за подобрување на состојбата кај децата со пречки во развојот, прилагодување на физичките активности за децата со пречки во развојот, адаптација на физичките активности за деца со најразличен вид и степен на попреченост (со оштетен вид, оштетен слух, телесна попреченост, интелектуална попреченост, разни спектри на аутизам, како и информации во однос на физичките активности и вежби во услови на пандемија со ковид-19.

Параолимпискиот комитет на Северна Македонија ќе го дистрибуира овој Прирачник до повеќе спортски федерации и гимнастички клубови со цел да го промовира значењето на физичката активност во подобрувањето на здравствената, менталната и социјалната компонента кај децата со попреченост, со надеж дека истиот ќе најде своја практична примена во гимнастичките сали.

Б.Јовановски

ПРАВЕН ЛАВИРИНТ

Во овој број од нашето списание, во рубриката „**Ви претставуваме наши членови**“, направивме интервју со еден долгогодишен член на „Мобилност Прилеп“, познат активист и спортист, кого верувам го познаваат речиси сите членови на „Мобилност Македонија. За ова интервју има два повода: интересен правен проблем со кој се соочуванаработното место и неговите спортски резултати со кои достојно ја претставува „Мобилност Македонија“ во целата држава и во странство. Во продолжение следува интервјуто, кое се надевам дека ќе Ви предизвика интерес а се надевам дека некои наши членови ќе извлечат и соодветна поука.

Ви благодарам што прифативте да дадете интервју за нашето списание и Ве молам најпрвин да ни се претставите.

Особено ми е мило што ќе бидам претставен во списанието „МОБИЛНОСТ“затоа што знам дека многу наши членови со нетрпение очекуваат да излезе нов број, при што би се запознале со сите новости и активности во „Мобилност Македонија“ и придружните членки низ цела држава. Да се претставам за читателите: јас сум **РУБИНЧО РИСТЕСКИ** од Прилеп, роден 1980 година. Јас сум лице со попреченост бидејќи прележав детска парализа, што во тоа време кога јас сум се родил било навистина реткост со оглед на постоењето на вакцина за таа болест. Како последица на болеста јас стекнав трајни оштетувања на долните екстремитети и сум попречен во совладувањето на просторот, но тоа не ми влијаеше значително понатаму во живототда го оформам своето образование, да се занимавам со спорт и да се вработам. Дипломирав на Факултетот за физичка култура, а сега сум и магистранд на отсекот кинезиологија.

Како лице со попреченост сум член на „Мобилност Прилеп“ и претставник од ова здружение во Собранието на „Мобилност Македонија“. Воедно сум претседател на Сојузотза спорт и рекреација на инвалидни лица во Прилеп, член на управниот одбор на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија и претставник во Националниот сојуз на инвалидските организации на Македонија.

Вработен сум во Општина Прилеп на работно место **самостоен референт за спортски објекти.** Инаку јас сум семеен човек, оженет и татко на две машки деца, на возраст од 12 и 15 години.

Дали сте задоволен од работното место?

Донекаде сум задоволен. Имено, задоволен сум што успевам доверените работни задачи да ги извршувам навремено и во согласност со прописите, но не можам да бидам целосно задоволен со оглед на тоа дека не работам на струката, односно не во согласност со звањето на работното место коешто ми гласи во решението за работа. Фактички јас работам сè што ќе ми дадат, односно ќе ми наредат да работам, а моментално примам документи од странки во Секторот за урбанизам за коешто не ми е издадено никакво решение ниту пак овластување. На работното место честопати се судрам со проблеми со оглед дека не сум стручен во таа област и не знам да им одговорам на некои прашања, бидејќи областа на урбанизмот ми е непозната. Јас сум стручен во областа на спортот и спортските објекти, а урбанизмот е специфична област за која јас немам познавања. Така сите документи кои ги поднесуваат странките мене ми се проблем токму заради ова.

Дали ги остваруваш законските права и бенефиции кои ти следуваат како лице со попреченост?

Користам додаток за помош и нега од друго лице. Добив решение од Центарот за социјална работа по наодот и мислењето на комисијата, но тоа е привремено решение и морам повремено да одам на контроли што ми е особена тешкотија.Еднаш стекнатото право ми беше и укинато, па ја повторував целата постапка по извесно време, па повторно ми беше одобрено користење на овој додаток. Ме чуди зошто вакви формалности кога се работи за трајно оштетување, а јас можам да бидам само во полоша состојба со истекот на годините, а не и подобар.

Друго право не сум користел сè до пред извесно време, односно до 2021 година кога поднесов документација до ИПК за да ми биде одобрено правото за бенефициран стаж. Кога отидов на комисија во Скопје ми беше утврдено телесно оштетување од 70% и ми издадоа решение од Фондот со кое ми се признава правото на бенефициран стаж, односно секои изминати 12 месеци како 15 месеци.

Дали ова решение се реализира?

До ден-денес воопшто не, а еве и од кои причини. Решението за бенефициран работен стаж го добив и јас, а и Општина Прилеп како работодавач. Општината до денес воопшто не сака да го спроведе ова решение за што настанаа немили настани и правни толкувања спротивно на важечките прописи во државата. Според толкувањето на градоначалникот и правната служба, причина за одбивањето било тоа што од страна на ИПК ми утврдиле процент на инвалидност од 70%, со што автоматски јас сум бил прогласен за работно неспособен. Ме зачуди ваквото негово мислење, со оглед на тоа дека по професија е лекар специјалист по ортопедија и цел живот работи со пациенти кои имаат вакви и слични проблеми и попреченості, па би требало малку повеќе да ги разбира овие прашања. Не очекував градоначалникот, кој е ортопед, да не ги разбира овие работи бидејќи веројатно често се сретнувал со пациенти кои имале слична попреченост и добро му е познато дека не сите лица со попреченост се работно неспособни.

Образложението на правната служба и Одделението за човечки ресурси е дека имало колизија меѓу решението на ИПК со процент на инвалидностод 70% и лекарското уверение што сум го донел кога сум се вработил, каде што пишувало дека сум работоспособен. Според нивното мислење ако инсистирам да се спроведе решението на ИПК, автоматски ќе ми престанел работниот однос како неспособен за работа. Слушајќи го ваквото нивно толкување на прописите, не можев да поверувам дека до толку не ги познаваат прописите, а таму има и правници по занимање. Кога се вработив, јас добив лекарско уверение дека сум способен за работа како административен службеник, со напомена дека не можам да работам на работи кои се состојат со долго стоење во место и кревање товар. Јас за работата што ја работам сум способен бидејќи потполно ги исполнувам условите во лекарското уверение. Ако сум ја изгубил целосно работната способност, како што тие тврдат, должни се да ме испратат на ИПК и доколку тие утврдат намање на работна способност, да ми одобрат користење на инвалидска пензија.

Со оглед на тоа дека не добив никаков писмен одговор на моето барање да се спроведи решението на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, јас со допис се обратив до градоначалникот, писмено да бидам известен за нивната одлука. Бидејќи администрацијата во Општина Прилеп молчеше, се обратив до Државниот управен инспекторат и случајот го пријавив. Управниот инспектор изврши надзор и контрола и најде неправилности во работата на Општина Прилеп,па им наложи да ми донесат решение со кое ќе одлучат по барањето. Наместо решение, јас добив допис-писмен одговор, во кој повторно ги наведуваа сите причини кои пред тоа усно ми ги кажуваа. Во писменото излагање ми образложуваат дека моето барање за спроведување на решението на Фондот е неосновано од причини што тоа било во спротивност со издаденото лекарско уверение дека сум работоспособен кога сум се вработил во Општина Прилеп. Секако декаовој допис немаше правна поука и не можев никому да се жалам за кршење на моите права. По вторпат, во тоа време, усно ми беше кажано со закана дека доколку настојувам да се спроведе ова решение, ќе добијам отказно решение и ќе ми престане работниот однос. Ова беше очигледен притисок врз мене да се откажам од правото и закана со санкции доколку сум непослушен.

Јас не се откажав од мојата намера да се спроведе решението и следно што направив беше да се обратам до Народниот правобранител на Северна Македонија, каде што испратив претставка. По две недели, Народниот правобранител ме извести дека е основана претставката и дека е поднесена пријава од нивна страна до Трудова инспекција. Трудовата инспекција реагираше веднаш и од нивна страна беше извршена контрола и инспекторот усно ми соопшти дека се најдени неправилности во работата на градоначалникот и Општина Прилеп и дека им наложил да донесат соодветно решение.

Конечно, по овој инспекциски надзор Општина Прилеп, односно градоначалникот донесе решение со право на жалба и го одбија моето барање да се спроведе решението на Фондотза бенефициран работен стаж, како неосновано, но овој пат новоста беше во причините дека Општина Прилеп немала работни места со бенефициран стажи затоа нелогично и неосновано било јас да користам бенефициран стаж.

Дали го обжали ова решение и што се случи понатаму?

Секако дека го обжалив. Жалбата ја составив самиот и ја испратив до Второстепената комисијапри Агенцијата за администрација. Второстепената комисија го укина решението на градоначалникот и предметот е вратен на повторно одлучување, а во причините сенаведува дека градоначалникот нема надлежност да признава или утврдува право туку е должен да го спроведи решението донесено во законски пропишана постапкаод надлежен орган или институција.

На ден 5.7.2023 година добивам ново решение од градоначалникот, идентично на првото решение, со кое ми се одбива барањето за спроведување на решението на Фондот. Причините за одбивањето се наполно истите како и во првото решение само со изменети датуми и ништо повеќе. Во него воопшто не се дава одговор на причините на Второстепената комисија поради кои беше укинато првобитното решение. Од ова се гледа дека се работи за очигледен инает и за нечија повредена суета.

Јас повторно го обжалив ова решение до Второстепената комисија, па, меѓу другото, наведувам дека воопшто не е постапено по нивното решение и не ги зеле предвид причините поради кои им еукинато решението.

Второстепената комисија повторно носи ново решение. Овој пат Второстепената комисија согледа дека нема волја за постапување по нивните упатства и овој пат донесоа мериторна одлука со која се укинува решението на градоначалникот и се наложува работодавецот да го спроведе решението на Фондот со кое ми се признава правото на бенефициран стаж. Решението го добивме и јас и Општина Прилеп, па сега очекувам да видам што овој пат ќе одлучи градоначалникот и дали конечно ќе ми го реализираат правото што ми припаѓа по за-

кон. Се надевам дека нема да бидам присилен да одам и на суд и да ги поминувам сите судски инстанции што ќе бара и пари, и време и нерви.

Сега да преминеме на друга тема со која подобро ќе ве запознаат чинителите. Професионално сте се определиле за физичка култура и спорт, а такво Ви е и образованието. Што Ве наведе да се занимавате токму со оваа дејност?

Од 1991 година на 11-годишна возраст започнав да тренирам пинг-понг во клубот „Младост“ од Прилеп, заедно со здравите спортисти. По извесно време почнав да играм пинг-понг на општински, регионални и државни првенства во тој спорт, но сега и во конкуренција на лица со попреченост,

благодарение на неодамна починатиот секретар на Сојузот за спорт и рекреација на инвалидни лица во Прилеп, Никола Димоски. Се сеќавам дека првите настапи беа во 1997 година, но без некои позначителни остварувања и успеси. По три-четири години почнав да ги остварувам првите позначајни резултати и го освоив првиот медал, со што и влегов во репрезентацијата на Македонија каде што и денес сум член и одам на разни меѓународни натпревари.

Токму овој спорт и постигнатите резултати ме наведоа да студирам на Факултетот за физичка култура и тоа е одговорот на Вашето прашање.

Кои резултати ги остваривте во досегашните Ваши настапи во и надвор од државата?

Досега сум бил над 20 пати во континуитетпрвак на Македонија во конкуренција на лица со попреченост, а и моментално сум актуелен државен првак во дисциплината пинг-понг.

Овде би сакал да кажам и тоа дека до пред десетина години, во Прилеп, имаше манифестација „Избор на спортист на годината. За жал, таа манифестација повеќе не се одржува, меѓутоа додека се одржуваше јас 8 пати со ред бев прогласуван за најдобар спортист на Прилеп, во конкуренција на спортисти со попреченост. Тоа ми претставува особена чест бидејќи тоа ќе биде забележано во аналите на спортот кај нас во градот.

Рековте дека сте репрезентативец на државата и дека учествувате и на меѓународни натпревари и првенства. Дали сте постигнале некои позначајни резултативо таа конкуренција?

Досега сум имал 7 или 8 учества на Европски првенства во пинг-понг, но не сум имал некои особено добри резултати со оглед на тоа дека таму конкуренцијата е многу поголема и спортистите многу повеќе и поквалитетно тренираат и играат во многу поквалитетни првенства, но затоа пак на многу балкански првенства сум освојувал медали.

Дали моментално се подготвува за настап на некој меѓународен натпревар?

На 28.7.2023 година ќе се одржи Меѓународен турнир во пинг-понг во Варна – Република Бугарија, каде што ќе учествувам со репрезентацијата на Македонија. На овој натпревар очекувам да освоиме медали, познавајќи ја конкуренцијата и нашите квалитети во класата 8, каде што сум класифициран. На ова првенство ќе учествуваат претежно балканските држави, а претпоставувам дека ќе бидат присутни Грција, Турција, Романија и останатите држави кои порано биле во составот на Југославија.

Какви се Вашите планови за понатаму?

Засега сум активен спортист и размислувам само за мојата физичка подготвеност и тренинзите. Настапувам и за пингпонгарскиот клуб „Прилеп“ од Прилеп, кој се натпреварува во Пингпонгарската федерацијана Северна Македонија, а јас настапувам како единствено лице со попреченост, заедно со здравите спортисти во целата прва лига.

За тренерили нешто слично сè уште е рано да размислувам бидејќи тоа ќе дојде, верувам само по себе дури по завршувањето на кариерата како активен спортист.

Ме радува што и моите синови тргнаа по мојот пат и почнаа активно да тренираат пинг-понг. Помалиот син, кој е на возраст од 12 години, стана и репрезентативец на Северна Македонија и веќе сега во многу елементи ме надминува и сè потешко ми е да играм против него, бидејќи напредува многу брзо и во натпреварите и тренинзите често и ме победува.

Ви благодарам за Вашата соработка при правењето на интервјуто и Ви посакувам во иднина да имате многу успеси како во животот и работата така и во спортот.

И јас се заблагодарувам на честа да бидам претставен во нашето списание и се надевам дека на спортско поле достојно ќе ја претставувам државата и сите лица со попреченост. Се надевам дека и спорот со мојот работодавач ќе биде позитивно решен и дека се работи само за обично недоразбирање и поинакво правно толкување.

Митко Фидановски

АПЛИЦИРАНИ И ОДОБРЕНИ ПРОЕКТИ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ СО ГРАД СКОПЈЕ

Во практика од изминатите години и оваа година „Мобилност Скопје“ го продолжи учеството на јавните повици од страна на Град Скопје. Во 2023 година имаше можност да аплицира на два повика во областа на труд и социјала иеден во областа на образование, при што за сите три аплицирани проекти доби позитивен одговор и можност истите да ги спроведе во текот на 2023 година. Двата проекта во областа на труд и социјала, „Мобилност Скопје“ ги посвети на проект за креативната работилница, психолог, мотиватор и физиотерапевт и втор проект за набавка на скутери за подобра мобилност на инвалидизирани лица. За овие активности треба да се вложат огромни напори во нивна реализација како и континуирана посветеност кон извршување на задачите. Претходните искуства докажаа дека бенефитите и позитивните реакции во јавноста, во врска со исходите од овие реализирани проекти се огромни и дека тие треба да се вметнат како практика во работата на здружението, односно да се тежнее во иднина да добиваат уште поголема димензија.

Во областа на образованието, „Мобилност Скопје“ аплицираше на повик за едукација на лица со инвалидитет во добивање основни познавања на англиски јазик како алатка за побрза интеграција на пазарот на трудот и брзо канализирање во светот на еднаквите при извршување разновидни потреби за лицата со попреченост. Истиот проект е одобрен од стана на Градот Скопје и за него ќе следува тримесечна едукација, која ќе биде организирана и спроведувана следствено со започнување на училишната и студентската година.

Новитетите што ги внесе здружението во изминатата деценија, преку поддршката од градот за нивно спроведување, покажаа дека имаме направено голем исчекор за членовите на „Мобилност Скопје“ во однос на нивна успешна социјализација, афирмација и активно дружење со културолошки и спортски акцент како и за сите останати волонтери и поддржувачи кои активно учествуваат во реализирање на програмите.

За оваа цел нашето здружение добива мотивација во продолжување на целта кон организирање проектни задачи и поголемо димензионирање на истите во иднина за коешто особено им е благодарно на одговорните лица на градот Скопје кои ја препознаваат нашата намера, ја поддржуваат истата и континуирано ја овозможуваат заедничката соработка.

Христина П.

ДИСКУСИЈА ЗА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈЧИЊАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

На 28 април 2023 година, со почеток во 13:30 часот, во просториите на Млади Хаб,

„Мобилност Скопје“, со неколку свои членки учествуваше на првата отворена дискусија на тема „Да ја отпакуваме Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост по однос на правата на жените и девојчињата со попреченост“.

Оваа иницијатива е поддржана во рамките на заедничкиот проект на ОН „Од знаење и образование до зајакнување и учество“ со фокус на промоција на УН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и практикување на пристап заснован на човекови права како и поддршка од страна наКабинетот на претседателот на РМ, Стево Пендаровски, и неговата сопруга, г-ѓа Елизабета Ѓоргиевска. Исходот од дискусијата ќе овозможи организациите на лицата со попреченост да се застапуваат со цел нивно вклучување во следењето на имплементацијата на УНКПЛП и ЦОР, но и во процесите на носење одлуки на национално и локално ниво. Модератор на дискусијата беше г-ѓа Елена Кочовска од „Полио плус“,

а дискутанти кои дадоа тежина и целосна поддршкана проектот беа госпоѓа Елизабета Ѓоргиевска и постојаниот претставник на ОН во РМ господин Армен Григоријан.Тие проговорија за фактичката состојба во нашата држава во однос на големите тешкотии со кои се соочуваат лицата со попреченост, за вложените напори од страна на надлежните тела на локалната и централната управа на државата во подобрување на правата и потребите на лицата со попреченост во изминатиот период како и компаративната слика за правата и обврските на лицата во системот на функционирање наспрема конвенцијата во развиените држави и нашата.

Во рамки на дискусијата се отворија прашања поврзани со:

-економските и социјалните права (економско зајакнување и финансиска независност)

-еднаквост и недискриминација (булинг, говор на омраза, аблеизам)

-семејни права и заштита од семејно насилство.

Претставничките од „Мобилност Скопје“ зедоа активно учество во дискусијата и образложија многу проблеми преку примери со кои се соочува женската популација на лицата со телесен инвалидитет во сите сегменти од секојдневието во општеството како и нивната макотрпна борба за решавање на тие проблеми:

Индивидуални проблеми за воздигнување на личноста за самопочитување и перципирање на личност за еднаква можност со останатата женска популација, информираност на семејството и големото друштво за потребите во врска со нивна излезеност и видливост во јавноста, потребата за едуцирање, вработување и финансиска независност, потреба од нивно изразување на основни емоционални човекови чувства и неопходности како и родова еднаквост на жените со попреченост која ќе ја приближи женската популација кон

сферата на силна дама, мајка и професионалка и сл. За нашите говори организаторите на настанот гласно проговорија дека дискусијата со претставничките од „Мобилност Скопје“ беше „максимално плодна“.

-Предизвиците на секоја жена мора да се решаваат системски и за оваа цел дискусијата треба да се одвива со маратонско бунтовнички карактер, беше заклучокот на крајот од овој настан.

„Мобилност Скопје“ секогаш и сегде ќе партиципира на ваков тип настани и ќе биде упорно во своите намери за остварување на целите на неговото постоење како и ефикасното канализирање на правата на лицата со попреченост во аналите на општеството предвидени по меѓународната конвенција за човекови права.

Христина П.

СОСТАНОК НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР

Во контекст на целите за дејствување на „Мобилност Скопје“ и нивно остварување во практиката, нашето здружение вложува постојани напори за блиска конекција со локалната самоуправа. Во последните години на дејствување, со повеќето од општините имаме остварено блиска соработка која придонесе слухот за нашите потреби од нивна страна да добие поголема димензија.

По примерот на оваа содржина, „Мобилност Скопје“, на 7 април 2023 година, беше гостин во кабинетот на Општина Центар и градоначалникот м-р Горан Герасимовски. На средбата дел од членовите на Управниот одбор од здружението запозна кабинетот со големината и историјата на нашето постоење, односно кои се фундаменталните причини за егзистирање на организацијата, за што таа цели, за што се бори, кои се нејзините потреби, тешкотии и неопходности како и сите нејзини активности со кои здружението помага на практичен начинда ги канализира целите и да донесе добробит за членовите и тоа; спортски, уметнички, едукативни, психолошки, социолошки, забавно-културни и останати активности. За нив градоначалникот прашуваше и говореше со интерес и пронаоѓаше начин каде Општината би можела да ја даде својата поддршка при што претставниците на „Мобилност Скопје“ даваа сугестии по примерот на изминати искуства како и нови свежи идеи со измена и дополна на локации, амбиенти, нови техники и содржини за изведување на концерти, работилници, спортски турнири и секаков друг вид активности.

Средбата заврши со позитивна енергија и ветување од страна на кабинетот и градоначалникот за остварување на дел од нашите побарувања како и редовна соработка со нив во иднина.

„Мобилност Скопје“ се заблагодарува за топлиот пречек во Општина Центар и верува дека конекција со нивниот кабинет ќе даде огромен импакт во поддршката за нашите барања.

Христина П.

СОСТАНОК НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Во контекст на редовната конекција на „Мобилност Скопје“ со локалната самоуправа, односно општините во град Скопје, на 11.4.2023 година, „Мобилност Скопје“, заедно со СРИ Гази Баба, во кабинетот на Општина Гази Баба одржа состанок со градоначалникот Бобан Стефковски. На средбата одговорните и дел од управниот одбор на здруженијата, покрај познатите активности за кои со општината имаа дотогашна соработка и поддршка (спортски активности), го запознаа градоначалникот и со другите многубројни активности кои ја сочинуваат големината и историјата на нивното постоењето како што се: уметничките, едукативни, психолошки, социолошки, забавно-културни активности, но и говореа за потребите, тешкотиите и неопходностите за нивно остварување. За сето тоа градоначалникот прашуваше и говореше со интерес и пронаоѓаше начин каде Општината би можела да ја даде својата поддршка при што изјави:

-Оваа година општина Гази Баба за првпат обезбеди директна финансиска помош за реализација на проекти на Здружението за спорт и рекреација на инвалиди Гази Баба што уште еднаш на дело ја докажува нашата грижа за сите категории граѓани и која ќе ја продолжи и понатаму,

-Како градоначалник изразувам подготвеност за соработка со сите општествено одговорни здруженија на граѓани и

организации како што се вашите и притоа општината создава услови за еднаквост на сите граѓани!

Средбата заврши во крајно позитивна енергија со ветување дека сè што е во рамките на неговата можност ќе се потруди да влијаена остварување на нашите побарувања.

„Мобилност Скопје“ се заблагодари за топлиот пречек од страна на општина Гази Баба и господин Бобан и верува во иднина дека конекција со нивниот кабинет за поддршка на лицата со телесен инвалидитет ќе продолжи.

Христина П.

ПРИСТАПНОСТ ВО МУЗЕИТЕ

На ден 12 мај 2023 година, со почеток во 12 часот, во Музејот на македонската борба се одржа финалната работилница со завршна реч во врска со проектот за пристапност на музеите „Музеј без пречки- Музеј предизвик”.

На настанот „Мобилност Скопје“ беше нивни гостин, а наедно и учесник во креирање на конкретните предизвици за пристапност со кои се соочуваат музеите во градот Скопје и Македонија. На средбата присуствуваа голем број одговорни лица на проектот (кустоси и организатори вработени во музеите) како и учесници кои се директно инволвирани за потребите на пристапноста во нив (лица со телесен инвалидитет и слепило од град Скопје и Сараево). Се говореше за важноста на посетата на лицата со попреченост и нивното осознавањето за музеите, за непреченото човеково право на движење и пристап до нив и во нив како и брзо и ефикасно изнаоѓање решенија за остварување на пристапноста во оние музеи каде истата не е решена. „Мобилност Скопје“ долгорочно соработува со Музејот на Македонската борба и редовно остварува заеднички средби на кои ги пренесува потребите и искуствата за пристапни музеи. Горди сме дека партиципираме активно во еден битен и грандиозен центар како што е Музејот на Македонската борба и нашата соработка ќе продолжи во иднина.

Христина П.

СОСТАНОК НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА

Владата на Република Македонија во јануари 2021 година, со претходни донесени дијагностики и анализи, од страна на државната експертиза, за период од 2022-2042 година, го започна процесот за изработка на националната стратегија за развој на државата. Стратегијата се изготвува со поддршка во рамките на проектот за развој на ОН, УНДП и Фондот за добро владеење на Обединетото Кралство. На 22.Седница (8.3.2022) на Владата, оваа стратегија беше разгледана и усвоена како методолошка рамка на НРС во следните 20 години. НРС е комплексен процес за водење на кој е потребна

заедничка работа и синергија на сите постојни сектори во државата. Овој процес е од големо значење за иднината, односно развојот на нашата држава и затоа бара методичност и внимателен систематски пристап при креирањето.

Главните пет секторски области на кои треба да се фокусира државата наспрема НРС се:

Сплотено општество со еднакви услови и можности за сите, Децентрализирано општество, Зелено општество, Иновативно општество, Општество со препознатлив идентитет, Човечки ресурси и човечки капитал и Отпорност на кризи и катастрофи.

Во рамките на овој проект за НРС, на ден 11.5.2023 година се одржа работниот целодневен состанок со осврт на методологијата за приоритизација на стратешките области.

Модератори на настанот беа господин Борче Треновски и господин Јурај Кобалт, а свое излагање имаа: Фатмир Битиќи – заменик-претседател на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, Фатмир Бесими – министер за финансии, Н.Е. Метју Лосон - амбасадор на Обединетото Кралство, Н.Е. ХенрикМаркуш - амбасадор на Република Словачка и АрменГригорјан - постојан претставник на УНДП.

Покрај високите гости и многу присутни лица од сектори на повеќе области во РМ, бевме поканети ние од „Мобилност Скопје“ како претставници на друштвото на лица со инвалидност-директно засегнати и најкомпетентни да ги произнесеме главните точки за нашата фела при градење на НРС. Нашите претставници зедоа збор уште во првиот дел од настанот кога се избираа и договараа приоритетите на стратешките области при што истакнаа дека:

-Лицата со попреченост се засегнати во сите области и нивното место треба да се бара во секој сегмент при градењето на приоритетите (економија, образование, здравство, еднакво кохезивно социјално општество, безбедност, идентитет...) при што добробитот на лицето и општеството ќе биде двостран. За искажаното сите во салата се сложија и потврдно одговорија за нашите барања и приоритети со ветување дека во секој од приоритетите местото за нас ќе биде предвидено и содржано.

Висока претставничка од UNDP беше посебно заинтересирана за нас и вонредно од состанокот ни зеде изјави со краток дијалог за нашите приоритети и потреби, а во неврзаните разговори за време на кафе паузата, тоа беше сторено и со останати претставници на голем број сектори во РМ.

„Мобилност Скопје“ секогаш е на правото место и во правото време во аналите на градот и државата и секогаш ќе цели (во рамките на своите можности и капацитети) кон остварување на правата на лицата со инвалидитет.

Христина П.

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА, 8 МАРТ, НА ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ ГЕВГЕЛИЈА“

Денот на жената 8 Март е ден кога секоја жена се чувствува посебно, особено жената со инвалидитет, покажувајќија храброста, посебноста, и истрајноста и покрај инвалидитетот кој постои. На оваа манифестација беа поканети сите членови припаднички на понежниот пол, на скромна прослава која се одржа во ресторан ‘ТИРЕ’ во Гевгелија. На прославата на секоја дама ѝ беше доделен скромен подарок, букет цвеќе, како знак на внимание кое беше спонзорство од локалните бизниси кои уште еднаш ја покажаа хуманоста на делоза лицата со инвалидитет.

Валерија Пеева

РЕНОВИРАНИ ПРОСТОРИИТЕ НА ИНВАЛИДСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Гевгелија, заедно со претседателот на Заедницата на инвалидски организации на Гевгелија, господин Лазо Трајков и претставници од сите Здруженија, кои се дел од Заедницата, одржаа работен состанок на кој беше донесена заедничка одлука за реновирање на долниот катна Центарот на Социјална работа Гевгелија, на кој се сместени Здруженијата на глуви и наглуви, Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност Гевгелија“, Здружение на лица со интелектуална попреченост „Порака“, здружение на слепи лица. Поувидената состојба, дојдовмедо заклучок дека заради хигиенски услови, односно дезинфекција на просториите потребно е да се изврши целосно реновирање, односно да се изврши дезинфекција на ѕидовите во сите простории на инвалидските организации, односно варосување. Исто така беше потребно и обновување на дрвените и дотраени рамкина прозорците во сите простории на кои беше извршено бојадисување. Во ова фаза беа опфатени прозорците, вратите и радијаторите во канцеларите и во тоалетите, салата за состаноци, и во кујнскиот простор. Во кујнскиот простор заради слабиот проток на водата и откажување на стариот и дотраен бојлер беше одлучено да се постави проточен бојлер-чешма со кој ќе се заштеди на време и енергија. Исто така во тоалетите се изврши промена на прегорените светилкисо нови. По завршување на варосувањето на ѕидовите и бојадисувањето, надлежните на здруженијата одлучија да извршат дезинфекција на подовите во своите канцеларии и кујнскиот простор со хемиско чистење на теписите. По проценка на состојбата и околностите, односно постоењето на влага и бактерии и тешкото чистење на подот, односно на тепихот, надлежните на здружението „Мобилност Гевгелија“, со заедничка одлука и согласност на членовите донесе одлука наместо хемиско чистење на тепихот (кое претставува краткотрајно решение) да го промени подот во ламинатна подлога. За реализација сето тоа голема благодарност упатуваме до Националниот сојуз на лицата со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ кои позитивно одговорија на нашето барање и ни излегоа во пресрет со финансиска поддршка за реализација на оваа активност.

Валерија Пеева

ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“, ПРВА ОБУКА ВО СОЛУН

На 30 и 31 март 2023 година, во Солун беше организирана и успешно реализирана првата од трите обуки во рамките на проектот „Алтер трип“, овој пат во организација на водечкиот партнер од Грција – Институтот за истражување и развој на изложби и бизниси (ИЕЕ). Обуката се одржа во просториите на солунскиот саем „Хелекспо“, а е наменета за туристички работници и засегнати страни во туристичкиот сектор. На настанот, од „Мобилност Битола“ присуствуваа претседателот прим. д-р Нико Јанков, проектниот менаџер Ивона Јанкова и членката на УО, организатор на настани и преведувач од и на грчки јазик – Фанче Георгиевска, заедно со уште 17 туристички работници и претставници на релевантни институции, како што се Општина Битола, НУ Завод и Музеј – Битола, угостителски и сместувачки бизниси, туристички агенции, туристички водичи итн., а за организацијата беше задолжена агенцијата МИГ Травел од Битола.

Во првиот дел од обуката, збор имаа експертите на водечкиот партнер – д-р Димитрис Куркуридис и д-р АсименјаСалепаки – кои се осврнаа на законската рамка и законските обврски во однос на пристапноста во Грција, како и фактичката состојба на терен, а од особено значење беше и излагањето на м-р Симона Јовеска, претставничка на Општина Битола и членка на „Мобилност Битола“, која споделувајќи го своето искуство и предизвици при планирањето на своите патувања, го даде најпотребниот одговор што сите требаше да го слушнат. Во вториот дел, проектниот менаџер Ивона Јанкова го презентираше досега сработеното во рамките на проектот – тактилната туристичка сигналитика, печатениот туристички водич со Брајово писмо и дигиталната апликација, а особено нагласи дека што и да се презема во поглед на пристапноста, најважно е да се консултираат организациите на лица со попреченост, кои не само што ќе им дадат насоки

Во присуство на триесетина претставници на туристички чинители од двете држави, претставниците на трите партнери во проектот „Алтер трип“ – директорката на водечкиот партнер ИЕЕ, Вики Далкрани и проектните менаџери на грчкото Министерство за внатрешни работи (сектор Македонија и Тракија) и на „Мобилност Битола“, Јоанис Kosијамбасис и Ивона Јанкова – ги воведоа присутните во проблематиката што ја третираме изминативе речиси две години и за колку е значаен придонесот за двете земји, и тоа од повеќе аспекти. Што е уште поважно, самата организација и реализација на нашето патување беше практичен пример за важноста на пристапниот туризам – од пристапен превоз до пристапно сместување и пристапна инфраструктура за непречено движење.

и повратни информации и за најситните детали, туку и ќе ги промовираат како пристапни и достапни дејности, чии врати се отворени за сите. Потоа имаше и дискусија, каде што дел од учесниците ги споделија своите искуства и планови за подобрување на пристапноста во нивните бизниси, што секако дека е за поздрав.

Сè на сè, тоа беше едно успешно и солидно претставување, за што добивме и јавно признание од партнерите. Организацијата за сместување и патување беше беспрекорна, за што изразуваме благодарност на „МИГ Травел“ и се надеваме дека ова искуство беше поучно за сите учесници и дека наученото ќе вроди со плод и ќе биде пример и поттик за другите дејности да ја подобрат својата пристапност.

Д-р *Нико Јанков*

ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ВТОРА ОБУКА ВО СОЛУН

По првата успешно реализирана обука во организација на водечкиот партнер, што се одржа на 30 и 31 март во Солун, на 15 и 16 мај 2023 година „Мобилност Битола“ и група туристички работници од нашата држава учествуваа на втората обука, овој пат во организација на вториот партнер во проектот – Министерството за внатрешни работи (Сектор Македонија и Тракија) од Грција. Обуката се одржа во хотелот „Медитеранеанпалас“, каде што учесниците од двете земји имаа можност да се информираат за Европската стратегија за правата на лицата со попреченост 2021-2030 и пристапниот туризам како клучен фактор во развојот и одржливоста на туризмот.

Особено интересна беше презентацијата на градежниот инженер и експерт за пристапност, д-р Панајотис Цалис, археологот и византолог д-р Константинос Раптис и д-р Спирос Авдимиотис од Меѓународниот универзитет во Солун. Тие ја претставија својата работа во подобрувањето на пристапноста на културното наследство во Солун, особено црквата „Св. Димитрија“, а се осврнаа и на законските регулативи за интервенции кај културните споменици што овозможуваат пристапност, кои се речиси идентични со нашите. Вториот дел од обуката, на д-р Авдимиотис му се придружи колешката Атина, Мурадиду, како и Григорис Тулиас, маркетинг директор на Солунската туристичка организација. Тој ја нагласи важноста на правилното и реално рекламирање на пристапниот туризам, односно информираноста на самите туристички чинители за пристапноста во нивните бизниси и институции, како и достапноста на точни и веродостојни информации за нивните производи и услуги.

Интересен беше и податокот дека во Солун има филмски фестивал за лица со попреченост, особено за лица со оштетен вид и оштетен слух и начинот на којшто филмовите можат да се приспособат за соодветната публика – со нарации за дејствијата што се случуваат кога нема дијалог меѓу ликовите, или со текстуален опис на звуци што се случуваат за време на дејството. Овој податок беше особено корисен за нашите учесници и претставници на културни институции, како што се Центарот за култура – Битола, Народниот театар – Битола и Културно-информативниот центар – Битола (Офицерски и Кино Манаки), каде што се реализираат разни културни настани.

Имајќи предвид дека со овој проект „Мобилност Битола“ го опфаќа целиот Пелагониски регион, се погриживме да опфатиме учесници од цела Пелагонија, така што меѓу нив беа и директорката на Спомен-куќата на Тоше Проески од Крушево – Лефкија Гажоска, Александар Цветкоски од Музејот за тутун од Прилеп, Викторија Велкова од хотелот „Мејбери“ во Претор, како и претставничка на АГТИС (Асоцијација за граѓанска толеранција и соработка) од Прилеп, која го снимаше настанот и објави прилог на нивната платформа (линк: https://otv.mk/alternativno-turistichko-iskustvo-alternativno-patuvanje/?fbclid=IwAR1dTULsxPdWsOJ_x-qmj51Dh0RYGC4oE5zAMZEFx4AwRtYOup3WDoPbmec).

Двете успешно реализирани обуки се само вовед во третата и последна обука што ќе се одржи на 7 јуни 2023 во Битола, каде што ќе имаме четири експерти кои ќе говорат за четири аспекти на пристапноста во туристичкиот сектор. На обуката ќе претходат и двата инфо-денови во Ресен и во Прилеп, каде што присутните ќе се информираат за сработеното во проектот и перспективите за подобрување на пристапноста во туризмот.

Д-р *Нико Јанков*

ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ТРЕТ ПАРТНЕРСКИ СОСТАНОК ВО СОЛУН

На 14 и 15 мај 2023, претседателот на „Мобилност Битола“ - прим. д-р Нико Јанков и проектната менаџерка Ивона Јанкова отпатуваа во Солун за третиот и последен технички состанок за проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“ Алтер трип, кој го организираше вториот партнер – Министерството за внатрешни работи (Сектор Македонија и Тракија) од Грција. Состанокот се одржа во хотелот „Медитераненанпалас“, во центарот на Солун, каде што следниот ден се одвиваше и втората обука за туристички чинители од двете земји.

На состанокот, трите партнери го презентираа досега сработеното, како и активностите што ќе следуваат до завршувањето на проектот, а се дискутираше и за евентуалните препреки и проблеми при имплементацијата на активностите. Имајќи го предвид фактот што програмата завршува во декември годината беше констатирано дека сите активности и обврски ќе бидат реализирани на време.

Од обврските и активностите на „Мобилност Битола“, следни за реализација се: учество на втората обука во Солун, организација на дваинфо-денови во Битола и организација на третата и последна обука во Битола.

Д-р *Нико Јанков*

ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ОБУКА ВО БИТОЛА

На 7 јуни 2023 година, во ресторанот „Корзо“ во Битола се одржа третата и последна обука за туристички чинители во рамките на проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“ АЛТЕР ТРИП, во организација на „Мобилност Битола“. Педесетина учесници од двете земји имаа можност да научат за повеќе аспекти на пристапниот туризам, благодарение на четирите експерти од Здружението за социо-културен развој „Веритас“ од Битола: проф. д-р Иванка Несторoска и проф. д-р Ристо Речкоски од Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и д-р Ирена Ружин и м-р Јове Парговски од НУ Завод и Музеј – Битола. Модератор на настанот беше проектната менаџерка Ивона Јанкова.

Д-р Несторoска ја започна обуката со презентација за пристапен туризам, објаснувајќи што сè подразбира пристапниот туризам, зошто е важен за одржливиот развој на оваа важна економска гранка, и кои се најдобрите практики од светот, но и од регионот што може да се применат и кај нас. Д-р Речкоски, пак, детално се осврна на правните аспекти за пристапниот туризам, правејќи пресек на меѓународните стандарди, европската и македонската легислатива, нашите закони и подзаконски акти.

Особено важна и интересна беше и презентацијата на м-р Парговски, експерт за дигитализација на културното наследство, кој обработи клучна тема од денешното дигитално опш-

тество – веб пристапноста и како до подобра пристапност на веб- страниците и онлајн содржините. Овој дел од обуката беше и практичен, бидејќи со отпечатените презентации и со скенирање на QR кодови, учесниците самите можат да проверат дали нивните веб-страници се пристапни и да видат на што треба да обрнат внимание и како самите можат да ги поправат недостатоците.

Последната презентација на д-р Ружин ја опфати пристапноста на културното наследство и многуте можности и добри практики кои веќе се применуваат кај нас, како што се тактилните изложби, аудио и видео нарации на знаковен јазик за изложените експонати. Таа ја демонстрираше и употребата на ИКТ-алатките, каде што со скенирање на QR кодови и NFC тагови, лице со оштетен вид или оштетен слух ќе биде директно поврзано со аудио или видео содржина со опис за дадениот предмет. На истиот начин функционира и тактилнатасигналитика и туристичкиот водич, изработени во рамките на проектот „Алтер трип“, со што Битола стана првиот град во регионот со пристапна туристичка понуда на ниво на град.

Настанот беше проследен и од повеќе локални и национални медиуми, вклучувајќи ги МИА и МРТ, чиј прилог се емитуваше во ударен термин во Дневникот на првата програма. Оваа обука практично беше завршница за активностите на „Мобилност Битола“, и за реализација останува уште завршната конференција на 20 јуни 2023 во Солун.

Д-р *Нико Јанков*

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ИНФО-ДЕН КАЈ ГРЧКИТЕ ПАРТНЕРИ ВО ЛЕРИН

Проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“ е прекуграничен проект, па така активностите се одвиваа паралелно на двете страни од границата. Додека „Мобилност Битола“ ги организираше инфо-деновите во Прилеп и во Ресен, нашите грчки партнери организираа исти настани во Гуменца и во Лерин. Имајќи предвид дека Лерин е многу блиску до Битола, тимот на „Мобилност Битола“ беше поканет да присуствува и учествува на овој инфо-ден, кој се одржа на 2 јуни 2023 година, во хотелот „Лингос“, во центарот на градот.

Бидејќи целиот настан беше на грчки јазик, најважната членка во нашата делегација беше Фанче Георгиевска, која течно го зборува грчкиот јазик. Таа ја искористи пригодата да ги поздрави присутните и да ја нагласи важноста на пристапниот туризам во прекуграничниот регион, а даде и изјава за локалната телевизија што го следеше настанот. Нашата поддршка сигурно им е од големо значење на нашите партнери, што воедно придонесува и за зголемена соработка меѓу двете земји.

Д-р *Нико Јанков*

ОБУКА НА ОССЗ

Во организација на ЗЕЛС и Општина Битола, на 7 април 2023 година, беше успешно изведена обука под мотото „Улогата на општинскиот совет за социјална заштита“ на Општина Битола, каде што како претставничка и делегирана членка во ОЗЗС од „Мобилност Битола“ учествуваше Фанче Георгиевска. Настанот започна во 10 часот, со пристигнување и верифицирање на учесниците, а потоа беа претставени очекувањата од работилницата. Првата сесија беше за концептот на социјална инклузија, односно вклученост во општеството, со принципот „никој да не биде изоставен“ – презентација и дискусија.

Во втората сесија се зборуваше за надлежноста на локалната самоуправа во доменот на социјалната заштита, а по кафе-паузата се дискутираше за создавање на политики на локално ниво и улогата на ОССЗ во создавањето на политиките засновани на докази. На крајот беа предложени заклучоци и препораки, а нашата членка Фанче Георгиевска активно учествуваше во сите фази од обуката.

Д-р *Нико Јанков*

НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

На манифестацијата „Тортијада“ оваа година победи екипата на Мобилност Гевгелија.

Темата на победничката торта беше плод од едно овошје, кое?

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:

Калинка.

Во канцеларијата на Мобилност Македонија дадениот рок пристигнаа 43 писма, сите со точен одговор. Добитникот на наградата во овој број на списанието е:

ВАЊА ПАВЛОВА

член на „Мобилност Велес“

Наградата е викенд за две лица во хотелот **„Струшки Галеб“** во Струга со платени трошоци за превоз во висина на автобуската карта. Наградата може да се користи од **1 мај до 30 септември** во тековната година.

Донатор на оваа награда е управникот на хотелот „Струшки Галеб“ во Струга. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на Мобилност Македонија на телефон бр.: 075 437 381.

Веруваме дека наградата викенд за двајца во Струга е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

Се надеваме дека интертесот за наградната игра во наредниот период ќе се зголеми, а ние ветуваме дека поставените прашања ќе бидат полесни. Во овој број очекуваме одговори на што поголем број на наши членови-читатели на весникот.

Наградно прашање за овој број на весникот гласи:

Секоја година во ноември се организира турнир во табла.

Прашањето за овој број на списанието „Мобилност“ гласи:

Во организација на кое здружение се организира овој турнир?

Веруваме дека одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека доколку сте редовен читател на весникот МОБИЛНОСТ и учествувате во работата на Мобилност Македонија треба да го знаете одговорот на ова прашање.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адреса „Мобилност Македонија“ на ул. „11 Октомври“ 42-а Скопје, со назнака **ЗА НАГРАДНАТА ИГРА**, најдоцна до **31 декември 2023 година.**

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непреносива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кој го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд покрај Охридското Езеро во Струга.

С.Прчева

ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ИНФО ДЕНОВИ ВО РЕСЕН И ВО ПРИЛЕП

На 25 и 26 мај 2023 година, „Мобилност Битола“ организираше два инфо-денови за проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“ Алтер трип, кои се одржаа во два града од Пелагонискиот регион – Ресен и Прилеп. Секако дека Ресен беше одбран заради фактот што здружението има свои активни членови и простории во овој град, а Прилеп како вториот најголем град во овој регион.

Според планот за работа, за организацијата на инфо-деновите беше задолжена агенцијата „Миг травел“ од Битола, која обезбеди локација, техничка поддршка и кетеринг, како и превоз за 20, односно 40 учесници од Битола (по 20 за секој инфо- ден), а по 20 учесници беа поканети од двата града. Меѓу поканетите секако дека беа и претставници на локалната самоуправа и културни институции, како и туристички работници од угостителскиот сектор, но и членови на здруженија на лица со попреченост.

Презентер на двата настана беше проектната менаџерка Ивона Јанкова, која детално ги образложи резултатите од сработеното во рамките на проектот, вклучувајќи ја законската регулатива и подзаконските акти кои се однесуваат на пристапност, како и изработените алатки за пристапен туризам – тактилнатасигналитика, печатените туристички водичи со Брајово писмо и дигиталниот туристички водич со аудио нарација и нарација на знаковен јазик.

Во Ресен, меѓу присутните беше и Весна Софронијевска, членка на Здружението на слепи лица – Битола, потоа Крсте Мицалевски, раководител на Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка во Општина Ресен, медицински лица од Здравствен дом – Ресен и членови на „Мобилност Битола“ од Битола и од Ресен. Во Прилеп, за жал, не присуствуваше ниту еден претставник на локалната самоуправа, ниту од „Мобилност Прилеп“. Како претставничка на АГТИС, учествуваше д-р Паре Зареска, археолог, како и проф. д-р Душко Јошески од Факултетот за туризам и бизнис-логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, кој во дискусијата сподели дека пристапноста ретко се зема предвид при креирањето на туристички стратегии.

Сè на сè, двата настана беа мошне информативни и се надеваме дека сите учесници ќе го споделат и применат наученото, а ќе знаат и каде да се обратат доколку им треба совет или помош.

Д-р *Нико Јанков*

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО „ИДНИНА НА ТРАДИЦИЈАТА“

На 21 јуни 2023 година, во ресторанот „Две лири“ во Ресен се одржа манифестација по повод една година постоење и дејствување на Здружението „Иднина на традицијата“ на лица со инвалидитет/попреченост во Ресен. Сумирајќи ги активностите, одговорните, инаку членови на „Мобилност Битола“, го прикажаа патот до самовработување и со помош на проекти до напредок во животот. На оваа манифестација, која беше добро посетена, се потпиша и меморандум за соработка со „Мобилност Битола“. На членовите, кои на сите начини бараат пат за самостојна егзистенција, им посакуваме успешна работа и остварување на сите нивни желби и планови.

Д-р *Нико Јанков*

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ СО ПРОЕКТОТ „АЛТЕР ТРИП“ НА САЕМ ЗА ТУРИЗАМ ВО БАРСЕЛОНА

Од 22 до 26 март 2023 година, во рамките на проектот „Алтер трип“, беше успешно реализирано учество и претставување на „Мобилност Битола“ на Меѓународниот саем за туризам „Б-травел“ во Барселона, Шпанија. Заедно со претставниците на нашите грчки партнери во проектот беше реализирана и посета на Италијанската трговска комора во Барселона, каде што беше претставен проектот и нашите институции/организации, а ние како претставници на „Мобилност Битола“, достојно ги претставивме и „Мобилност Македонија“ и нашата држава, споделивме досегашни искуства и остваривме контакти за потенцијална соработка и споделување добри практики од нашите земји.

На саемот за туризам, нашиот штанд беше посетен од многубројни посетители од целиот свет. Дел од нив веќе го посетиле овој регион, а дел допрва планираат да дојдат, па бараа информации за туристички понуди од двете земји. Притоа беа остварени и контакти со разни туристички организации со кои ги поврзавме и нашите туристички чинители, што има потенцијал дополнително да го зголеми бројот на туристи во земјава и на Балканот, воопшто.

Несомнено е дека заедничкиот настап со нашите грчки партнери ни донесува позитивни сознанија кај околината и олеснета комуникација во тековите и интеграцијата во Европската Унија. Овие искуства и контакти се непроценливи за нашето сè поуспешно етаблирање на меѓународниот простор како респектабилен партнер и одговорен изведувач на настани и програми.

Д-р *Нико Јанков*

ПРИСТАПНА БАРСЕЛОНА

Во рамките на проектот „Алтер трип“, учеството на Меѓународниот саем за туризам во Барселона ни даде можност и одблиску да ја видиме и искусиме пристапноста на една метропола со милионско население и уште толку многу туристи кои секојдневно слетуваат на аеродромот Ел Прат. Уште на самиот аеродром ги осетивме благодатите на реализираната пристапност од сите аспекти. Пред сè зборуваме за видливите архитектонски бариери, кои практично се решени до најситен детаљ – од пристап во зграда, куќа, гаража, тротоар, сигнализација, пешачки премини, автобуски, трамвајски и железнички станици, метро. Сигнализација, адаптирани возила, автобуси, сообраќај со електронски достапни помагала на ниво на инвалидска количка. Многубројни лица со тешкотии во мобилноста, кои целодневно се присутни на улиците, во ресторените, метрото, автобусите, трамваите и во други адаптирани превозни средства. Сите возила се или електрични или хибридни, нема издувни гасови и шетањето и престојот се пријатни, без смог и непријатни мириси.

Овие 3-4 дена ни го покажаа тоа кон кое треба да се стремиме во остварувањето на нашите заложби. Законите се напишани и треба да се спроведат во практика, а успешната реализација ќе биде круна на нашите напори, чекор по чекор.

Д-р *Нико Јанков*

„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА СРЕДБА СО АТО – ЦЕНТАР ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ И КУЛТУРА - БИТОЛА

На 28 јули 2023, со почеток од 19:30 часот, во просториите на „Мобилност Битола“ се одржа средба со претставници на АТО – Центарот за современа уметност и култура од Битола. Поводот за средбата беше новата театарска претстава што ја подготвува АТО-Центарот, а која ќе ги третира животните искуства и предизвици на маргинализирани групи на граѓани и нивните секојдневни проблеми во нашето општество, изразени преку театарска игра.

Имено, АТО – Центарот постигна значителен успех со претставата „Улаф сте?“, каде што актерите го прикажаа животот на глувата заедница во нашата земја, воедно поттикнувајќи ги институциите, меѓу другото, конечно да го стандардизираат македонскиот знаковен јазик. Оваа претстава, воедно и прва на македонски знаковен јазик во нашата земја, беше одиграна во повеќе градови, а ја гледаа и претставници на релевантни министерства и институции, како и претседателот на државата, Стево Пендаровски.

Поттикнати од успехот на „Улаф сте?“, режисерот и основач на АТО-центарот, Јован Ристовски, и драматургот Весна Куслеска, подготвуваат претстава што ќе ги прикаже проблемите и на други маргинализирани групи на наши сограѓани, вклучувајќи ги и лицата со телесен инвалидитет. Подготовката за овој документарен вид на театар се одвива со разговори лице в лице со целните групи, прибирајќи податоци од нивните животни искуства, а врз основа на нив ќе се создаде сценариото и приказните што ќе ги раскажат во претставата.

Во текот на речиси тричасовната средба, членовите на „Мобилност Битола“ од Битола, од Демир Хисар и од Ресен, споделија лични приказни од своето секојдневие. Од раното детство, училишните денови, пристапот до високото образование, искуства со вработување и на работното место, здравството, до дискриминацијата со која се соочуваат речиси секаде каде што (можат да) одат. Ваквите приказни раскажани во контекст на една театарска претстава имаат потенцијал да влијаат врз публиката на поинаков начин, прикажувајќи ги ликовите во комплексна, човечка димензија.

Д-р *Нико Јанков*

АЛТЕРНАТИВНО ПАТУВАЊЕ ВО ПРАКТИКАТА – ОСВРТ

Живееме во време кога светот е поврзан како никогаш досега. Благодарение на модерната технологија, средствата за комуникација и информирање практично ги носиме в џеб, достапни во секое време. Во секое време можеме и да испланираме патување – приватно или службено – преку многубројните платформи за пребарување и резервации или преку туристички агенции, кои исто ги имаме во голем број. Во зависност од расположливиот буџет можеме и да се одвеземе или да одлетаме до посакуваната дестинација. Иако туристичките атракции и угостителскиот сектор често знаат да кажат дека вратите им се отворени за сите, барем во нашиот регион, се покажа дека не ни знаат дека за еден значаен дел од туристите имаат „забранет влез“.

Се проценува дека 15% од глобалното население живее со некаква попреченост, во кои можеби најмногу се вбројуваат граѓаните со физичка попреченост или намалена подвижност и нивните семејства. Уште од почеток се предочува фактот дека најчесто се патува со придружба или во група, што за туристичкиот сектор веднаш значи повеќе туристи и, секако, поголем профит. Вака проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“, кој Здружението на лица со телесен инвалидитет на Битола, Демир Хисар и Ресен – „Мобилност Битола“ го имплементира во рамките на ИПА Интеррег Програмата за прекугранична соработка со Грција, сака да ги мотивира туристичките чинители да обрнат поголемо внимание на пристапноста. Бидејќи, и покрај тоа што

законот не(доволно) ги обврзува, адаптирањето и примената на универзален дизајн ќе им биде исплатлива инвестиција.

Освен изработката на ИКТ-алатките за пристапен туризам, со овој проект, партнерите од двете страни на границата и нивните експерти ги обучуваат туристичките чинители со знаење и насоки како и зошто да ја подобрат пристапноста во своите бизниси/институции. А во согласност со меѓународното мото на лицата со попреченост – Ништо за нас, без нас – „МОБИЛНОСТ Битола“ континуирано докажува зошто е важен партнер во овој проект. Тоа особено се покажа во првата обука во Солун, во организација на водечкиот партнер во проектот – Институтот за истражување и развој на изложби и бизниси ИЕЕ од Солун.

Во согласно со планот за работа, ние учествувавме со 20 учесници, од кои најголемиот дел претставници на релевантни туристички бизниси и институции, како и претставници на самото здружение, а за целокупната организација се погрижи туристичката агенција „МИГ Травел“ од Битола. Секако, заедно со мене, како менаџерка на проектот, и особено со д-р Ирена Ружин од НУ Завод и Музеј – Битола, експерт за пристапност која ја изработи теренската студија во нашиот проект. А зошто овој проект беше и тоа како потребен, се докажа на самиот почеток на организацијата, со прашањата: дали имаме пристапен превоз, дали ќе најдеме пристапно сместување и дали е пристапна самата локација каде што се одржува обуката?

Нашиот организатор „МИГ Травел“ има пристапни автобуси, но тие се за градски и меѓуградски превоз, додека возниот парк за меѓународен превоз им се состои од претежно непристапни, стандардни автобуси и комбиња. Сепак, тоа беше првата и единствена забелешка во инаку беспрекорната организација на агенцијата, која поучена од ова искуство веќе размислува за начини како да ги адаптира своите услуги да бидат пристапни за сите. Преминуваме на сместувањето.

Речиси сите сместувачки капацитети ги нудат своите услуги на разни платформи за резервирање, каде што резултатите се филтрираат според посакуваните параметри, меѓу кои и пристапноста. Веднаш се забележува дека изборот вака значително се намалува. Но, дури и кај оние што тврдат дека се пристапни, во приватна кореспонденција велат – не, не ги исполнуваме сите услови. Благодарение токму на мапирањето во нашиот проект и на грчките колеги кои беа подготвени да помогнат и да потврдат дали одреден хотел е навистина пристапен, конечно најдовме два хотела. Два, бидејќи ниту еден немаше повеќе од една (барем во моментот слободна) пристапна соба. А во нашата делегација имавме две членки на „Мобилност Битола“ – Фанче и Симона. Симона првично како претставничка на исто толку важната Општина Битола, која патуваше со приватно, соодветно адаптирано возило.

Љубезниот персонал во двата хотела ги надмина нашите очекувања, па дури и на малите забелешки и пропусти во однос на пристапноста реагираше со благодарност и побара насоки како да ги подобрат и решат недостатоците. Тоа претежно се однесуваше на тесните туш-кабини и отсуството на ракофати и столчиња во нив, кои се мал, но важен детаљ и исто толку потребни како веќе пристапните влезови и лифт со соодветни димензии и параметри. Сепак, секој угостителски објект е должен да се грижи и за безбедноста на своите гости, а овие детали и тоа како можат да бидат опасни за здравјето на тие што престојуваат таму.

Следната задача ни беше да најдеме и пристапна локација за вечера. Тука, исто така, од помош ни беа податоците прибрани од нашите грчки партнери за платформата што се подготвува во проектот, каде што ќе бидат мапирани сите пристапни угостителски објекти и туристички атракции во

прекуграничниот регион, како и степенот на пристапност – физичка и информативна (Брајово писмо и знаковен јазик). Задоволството да се биде заедно и никој да не биде оставен настрана беше очигледно кај сите учесници, кои во практиката видоа колку навидум незабележливите детали за некого се огромни и непремостливи бариери. Бидејќи, во самиот тек на нашиот проект, а и во текот на три и пол деценисколо дејствување на здружението, се покажа дека најголемата пречка за пристапноста е недоволната информираност, а и недоволната мотивација за преземање на какви било мерки.

На самата обука во солунскиот саем „Хелекспо“, најголем акцент беше ставен токму на нашите членки Фанче и Симона, кои ги споделија сопствените искуства од патувања и учества на разни настани. Впрочем, како што и јас самата кажав во воведот на обуката, тие ја дадоа човечката димензија која никако не треба да се заборави. Затоа што, зад сите тие статистики, бројки и проценти стојат луѓе. Луѓе со кои ги имаме истите желби и потреби – да се поврземе, да споделуваме и да припаѓаме. А со заеднички сили, ќе ги надминеме сите пречки и ќе добиеме многу повеќе отколку што сме помислувале.

Со оваа прва обука, а и следните две што ќе ги организираме, останатите два партнера (уште една во Солун и една во Битола), како и со претстојните инфо-денови во Ресен и во Прилеп, мислам дека туристичките чинители веќе се стекнаа со повеќе информации, но и дека ги мотивиравме да вложат во пристапноста во нивните дејности, затоа што дури и минималната интервенција ќе им биде исплатлива инвестиција. Со поголема пристапност, угостителите ќе имаат повеќе гости, туристичките агенции ќе имаат повеќе работа, туристичките водичи ќе имаат повеќе муштерии, а нашето природно и културно наследство ќе можеме да го споделуваме со уште повеќе гости од целиот свет. Воедно, тие ќе бидат и пример за останатите дејности и бизниси, бидејќи сите ние сме дел од истиот синџир, од истото оро, а орото не се игра без подадена рака.

Заедно можеме повеќе, и тоа е најголемата поука од ова алтернативно патување. Затоа, би сакала да се заблагодарам на сите учесници, на организаторите, на партнерите и пријателите од Грција. На Влатко и Јоце од „МИГ Травел“ за беспрекорната организација, на Ирена за безрезервната помош при организацијата, на нашиот експерт Јове и туристичкиот водич Билјана, Сашо од ТА „Палас“, Весна од хотел „Капри“, Наташа од ТА „Ариес“, Николче од хотел „Молика“, Костадин од ЕСМ „Молика“, Виктор од хотел „Премиер“, Ангела од „Инфотурс“- Прилеп, Елена од хотел „Треф“, Дарко од хотел „Епинал“, Сашо и Жанета од „Битола њуз“, Дејан и Симона од Општина Битола, Фанче и Нико од МОБИЛНОСТ Битола... За повеќето од нив, првата лекција е научена – и во теорија и во практиката а дел информираа дека реновирањата им се во тек или ќе започнат наскоро. Контактите се веќе воспоставени, „Мобилност Битола“ стои на располагање за понатамошни консултации и информации, па останува да видиме како сите заедно ќе го „положиме испитот“.

Проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“ – или накратко АЛТЕР ТРИП – се имплементира во рамките на ИПА Интеррег Програмата за прекуграничнка соработка „Грција – Република Северна Македонија 2014-2020“ и е кофинансиран од Европската Унија и Националните фондови на земјите учеснички. Повеќе информации прочитајте на официјалната веб-страница на проектот www.altertrip.eu.

Ивона Јанкова
менаџерка на проектот „Алтер трип“

ПРОЕКТ „АЛТЕР ТРИП“: ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО СОЛУН

На 19 и 20 јуни 2023 година, тимот на „Мобилност Битола“, составен од претседателот прим. д-р Нико Јанков, проектната менаџерка Ивона Јанкова и проф. д-р Игор Неделковски, ректор на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, претседател на одборот на „Гаус институт“ – Битола, експерт за информациски технологии и вонреден член на „Мобилност Битола“, учествуваше на завршната конференција за проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“ во Солун.

Настанот се одржа во конгресниот центар „Јоанис Велидис“, во солунскиот саем „Хелекспо“, каде што претставниците на трите партнери го претставија сработеното во изминатите речиси две години. Присутните ги поздрави проектниот службеник од Заедничкиот секретаријат на ИПА Интеррегпрограмата за прекугранична соработка „Грција – Република Северна Македонија 2014-2020“ – Жупан Мартиновски, кој посочи дека токму нашиот проект е единствениот во целата програма кој успешно и навремено ги реализираше сите активности. По поздравниот говор, трите партнери продолжија со претставување на сработеното во текот на проектот.

Претставничката на водечкиот партнер – Институтот за истражување и развој на бизниси и изложби (ИЕЕ) – МаритаПапајани, и проектните менаџери на грчкото Министерство за внатрешни работи (Сектор Македонија и Тракија) и „Мобилност Битола“ – Јоанис Kosijамбасис и Ивона Јанкова, направија краток пресек на реализираните активности, а повеќе време беше одвоено за експертите кои детално ги образложија изработените алатки и пилот-проекти за пристапен туризам.

Консултантот на водечкиот партнер, Спирос Хиотерис, ја претстави апликацијата за пристапен туризам во Солун, каде што корисниците може да ги пронајдат 10 пристапни туристички локации во градот, како и сите пристапни рути кои водат до нив. Експертот на вториот партнер, пак, ја демонстрираше употребата на платформата на проектот, каде што се мапирани сите пристапни туристички атракции и угостителски објекти во прекуграничниот регион, секоја локација оценета според степенот на пристапност за лица со телесна попреченост, лица со оштетен вид и со оштетен слух.

Експертот на „Мобилност Битола“, д-р Неделковски објасни како функционираат алатките изработени во Битола: тактилната сигналитика за 10 најзначајни туристички споменици во Битола, печатен туристички водич со Брајово писмо на македонски, англиски и на грчки јазик и самоводечката тура – апликација со аудио и видео нарација на знаковен јазик. Бидејќи тактилната сигналитика е голема и тешка, изработена од не'рѓосувачки челик, за потребите на конференцијата беше испечатен постер со сигналитиката во природна големина, а со QR кодот присутните можеа да ја тестираат апликацијата и да видат како тоа функционира.

Интересно е тоа што, бидејќи нашиот проект е единствениот во програмата што успешно ја заврши имплементацијата, проектниот службеник предложи да побараме продолжување на проектот и да реализираме уште активности кои дополнително би го промовирале пристапниот туризам во регионот. По договор со партнерите, веќе се размислува за таа идеја, а потенцијалното барање за продолжување треба да го одобрат во Атина. Каква и да е одлуката, „Мобилност Битола“ се покажа дека е достоен партнер во спроведувањето и имплементацијата на прекугранични проекти, и се надеваме дека во иднина ќе добиеме уште една шанса за нов проект.

Д-р *Нико Јанков*

КОНТРОЛА НА ЗАЕДНИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ОД СОЛУН ЗА ПРОЕКТОТ „АЛТЕР ТРИП“

На 28 јуни 2023 година, по претходна најава, во просториите на „Мобилност Битола“ во Битола се одржа контролна посета од претставници од Заедничкиот секретаријат на ИПА Интеррегпрограмата за прекугранична соработка „Грција – Република Северна Македонија“ 2014-2020, во чии рамки се имплементира проектот „Алтернативно туристичко искуство – алтернативно патување“. Делегацијата од Солун, составена од проектните службеници Жупан Мартиновски и Данја Куљали беше пречекана од претседателот прим. д-р Нико Јанков и проектната менаџерка Ивона Јанкова.

За време на посетата, менаџерката детално ги претстави ИКТ-алатките изработени во рамките на проектот, заедно со видеопрезентација и демонстрација за нивната употреба на лице место. На располагање беше и целата архива со документи од самиот почеток на проектот, а потоа имаше и кратка посета на Офицерскиот дом, каде што е изложена една од десетте тактилни плочи и каде што службениците ја тестираа нивната функционалност. Битолското гостопримство го покажа и нивниот вработен Тодор Ивановски, кој им направи мала тура и ја раскажа историјата на овој историски објект, а им раскажа и што научи од учеството на обуките организирани во рамките на проектот.

Претставниците од Секретаријатот беа задоволни од работата на нашето здружение, кое се докажа како одговорен партнер во имплементацијата на проектот. Се надеваме дека убавиот впечаток ќе ни донесе позитивни поени ако излезе можност за соработка на нов проект.

Д-р *Нико Јанков*

35. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“

Од 15 до 18.6.2023 година, во Струга и Охрид, се одржаа 35. Републички спортски игри на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, во организација на „Мобилност Македонија“, во соорганизација со Параолимписки комитет на Северна Македонија, кој се грижеше за организација на спортски терени и судии.

На игрите настапија 110 спортист со телесен инвалидитет од Македонија, како и 15 спортисти од Хрватска, Србија и Црна Гора.

Во беспрекорна организација, фер и коректна игра, беа постигнати следните резултати:

РЕЗУЛТАТИ СТРЕЛАШТВО

Воздушен пиштол - микс

	Име и Презиме	Град	1	2	3	4	5	6	Резултат
1	Оливера Наковска-Бикова	Битола	92	94	92	96	100	98	**572**
2	Ванчо Каранфилов	Скопје	89	91	90	93	88	90	**541**
3	Александар Јовановски	Скопје	84	92	88	92	94	88	**538**
4	Небојша Пејовски	Струга	91	89	86	83	92	88	**529**
5	Михајло Михајлов	Кавадарци	71	82	82	80	77	74	**466**
6	Златко Биков	Битола	68	75	74	79	76	67	**439**

Воздушна пушка СХ1 – микс

	Име и Презиме	Град	1	2	3	4	Резултат
1	Зоран Јовановски	Струмица	74	79	77	83	**313**
2	Бранимир Јовановски	Куманово	77	85	75	74	**311**
3	Мендо Дивјаковски	Битола	70	69	71	66	**276**
4	Стеван Ангелески	Прилеп	65	55	70	68	**258**
5	Златко Биков	Битола	61	58	59	63	**241**
6	Николчо Станојовски	Битола	27	67	76	67	**237**
7	Влатко Најдоски	Прилеп	64	51	59	53	**227**
8	Благица Ѓорѓиевска	Гевгелија	55	46	54	50	**205**
9	Горан Џелајков	Гевгелија	47	26	43	33	**149**
10	Неки Дани	Струга	52	57	22	17	**148**
11	Марко Томиќ	СРБИЈА	17	33	38	45	**133**
12	Драган Мајкиќ	СРБИЈА	45	17	38	22	**122**
13	Дојчин Симоновски	Свети Николе	43	24	30	18	**115**

Воздушна пишка СХ2

	Име и Презиме	Град	1	2	3	4	Резултат
1	Дарко Неделјковиќ	Струмица	74	68	71	64	**277**
2	Игорчо Постолов	Струмица	60	62	59	67	**248**

РЕЗУЛТАТИ ПИНГ-ПОНГ

На 16.6.2023 година во салата на ООУ„Јосип Броз Тито" во Струга се одржа натпревар во пинг-понг во рамките на 35. Републички спортски игри, а во организација на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на „Мобилност Македонија" Македонија, во соорганизација со Параолимписки от комитет на Северна Македонија, финансиски помогнати од средствата за активност преку Министерството за труд и социјална политика. Годинава на игрите настапија и натпреварувачи од Србија, Хрватска и Црна Гора, па заради тоа се играше во опен конкуренција. Во исклучително спортска и фер атмосфера, беа постигнаа следните резултати:

ЖЕНИ КЛАСИ 3-5

1. Билјана Убовиќ – Србија
2. Самра Којиќ – Црна Гора
3. МариетаМагдиќ - Хрватска

ЖЕНИ КЛАСИ 6-10

1. Милијана Ќирковиќ – Црна Гора
2. Лилјана Мицовска - Кочани
3. Олга Ристовска – Скопје
4. Оливера Наковска Бикова – Битола
5. Тајна Ристеска – Прилеп
6. Магдалена Делова - Кавадарци

МАЖИ КЛАСИ 4-5

1. Виктор Јозиќ - Хрватска
2. Зоран Јовановски – Струмица
3. Бранимир Јовановски – Куманово
4. Марко Томиќ - Србија
5. Илчо Кангов – Гевгелија
6. Васил Росомански – Кавадарци
7. Михајло Михајлов - Кавадарци

МАЖИ КЛАСИ 6-8

1. Вјекослав Грегоровиќ – Хрватска
2. Рубинчо Ристески – Прилеп
3. Пјетро Палјушевиќ – Црна Гора
4. ИгорчоПостолов – Струмица
5. Огнен Илиевски – Прилеп (јуниор)
6. Ѓуро Кривокапиќ – Црна Гора
7. Тони Митровски – Скопје
8. Ванчо Каранфилов – Скопје
9. Николчо Делов – Кавадарци
10. Николчо Станоевски - Битола
11. Златко Биков – Битола
12. Марјан Зафировски – Скопје
13. Блажо Саздов –Свети Николе
14. Дојчин Симоновски – Свети Николе

МАЖИ КЛАСИ 9-10

1. Ведран Вулин – Хрватска
2. Илија Томиќ – Хрватска
3. Дејан Башановиќ – Црна Гора
4. Небојша Ташиќ - Куманово
5. Страшко Коцевски – Куманово
6. Зоран Трајановски – Скопје
7. Зоран Димов – Велес
8. Убовиќ – Србија
9. Дејан Алексовски - Скопје
10. Митко Сотировски – Охрид
11. Дејан Ѓорѓиевски - Скопје

РЕЗУЛТАТИ АТЛЕТИКА

Мажи Ф36-38, Ф42-44 и општа

	Име и Презиме		Град	Ѓуле	Диск	Копје	
1	Никола Пеев	Ф36	Гевгелија	7,77	19,03	18,57	**1669**
2	Дејан Ѓорѓиевски	Ф42	Скопје	7,91	23,96	19,56	**1514**
3	Александар Талески	Општа	Гевгелија	8,52	22,38	32,50	**1469**
4	Дарко Спирковски	Ф44	Битола	7,46	23,02	23,76	**1327**
5	Ефтимчо Атанасовски	Општа	Кочани	8,12	19,70	25,80	**1286**
6	Горан Димчевски	Ф42	Битола	7,00	14,66	19,20	**1233**
7	Мендо Дивјаковски	Општа	Битола	6,89	17,56	23,06	**1126**
8	Марјан Зафировски	Ф37	Скопје	6,80	16,25	15,79	**1096**
9	Иван Георгиев	Ф37	Штип	6,90	16,03	15,52	**1092**
10	Тони Митровски	Ф42	Скопје	6,08	14,73	15,41	**1090**
11	Благојче Негриевски	Ф37	Скопје	5,52	17,21	17,30	**1061**
12	Савре Бојковиќ	Ф44	Кумново	6,72	18,63	15,31	**1045**
13	Ристе Станковски	Општа	Велес	7,37	18,10	15,44	**1043**
14	Шериф Шерифи	Ф44	Скопје	6,90	16,68	15,92	**1031**
15	Имер Сефери	Ф44	Скопје	6,38	17,40	15,48	**1004**
16	АвниЉата	Ф38	Дебар	6,67	12,57	11,48	**963**
17	Васко Тушевски	Општа	Скопје	6,28	15,52	17,17	**955**
18	Златко Биков	Ф37	Битола	5,51	16,40	12,13	**937**
19	Тоде Арсов	Ф44	Штип	6,36	16,20	12,33	**924**
20	Зоран Димов	Општа	Велес	5,16	15,05	17,66	**885**
21	Скендер Рахмановски	Ф38	Дебар	5,65	11,77	9,21	**831**
22	Драги Стефановски	Ф44	Кратово	5,13	11,85	12,12	**762**
23	Осман Ципалов	Ф44	Радовиш	5,40	13,05	9,93	**761**
24	Енвер Шерифовски	Општа	Кичево	4,68	11,71	9,61	**663**
25	Неки Дани	Ф44	Струга	3,85	10,28	10,25	**619**
26	Марјан Трпковски	Ф37	Тетово	0.00	10,82	7,12	**358**
27	Блажо Саздов	Ф44	С.Николе	0.00	0.00	6,52	**120**

Мажи Ф53-57

	Име и Презиме		Град	Ѓуле	Диск	Копје	
1	Адем Неби	Ф57	Скопје	6,92	16,50	16,14	**1285**
2	Златко Арсовски	Ф55	Кочани	5,65	13,56	13,20	**1257**
3	Гоце Миновски	Ф56	Скопје	5,59	13,33	13,66	**1202**
4	Зоран Јовановски	Ф55	Струмица	5,62	14,48	10,43	**1195**
5	Марко Томиќ	Ф56	СРБИЈА	5,83	13,17	12,44	**1185**
6	Горан Џелајков	Ф57	Гевгелија	6,33	16,45	12,8	**1154**
7	Александар Јовановски	Ф54	Скопје	4,13	9,27	9,88	**1137**
8	Горан Спасов	Ф57	Скопје	5,47	11,74	14,48	**1032**
9	Небојша Пејоски	Ф57	Струга	4,75	9,96	11,20	**856**
10	Азис Зендели	Ф57	Тетово	4,35	9,73	9,70	**783**
11	Пецо Петковски	Ф56	Скопје	4,27	9,43	6,02	**778**
12	Шукри Мемеди	Ф56	Скопје	4,39	7,25	7,24	**765**
13	Игор Николовски	Ф57	Скопје	4,62	6,74	9,20	**726**
14	Дојчин Симоновски	Ф57	С.Николе	3,48	5,90	6,93	**564**

Жени Ф54-57

	Име и Презиме		Град	Ѓуле	Диск	Копје	
1	Елена Давитковска	Ф56	Куманово	4,60	9,97	8,86	**1378**
2	Билјана Убовиќ	Ф56	Србија	4,08	8,41	8,31	**1228**
3	Благица Ѓорѓиевска	Ф57	Гевгелија	4,77	8,96	7,44	**1188**
4	Живка Мицева Златкова	Ф55	Кочани	3,87	6,88	6,34	**1084**
5	Даниела Гошева Кангов	Ф57	Гевгелија	3,66	7,98	5,49	**943**
6	МариетаМагдиќ	Ф57	Хрватска	4,11	6,22	5,82	**937**
7	Љубица Боевска	Ф57	Струмица	3,95	5,79	5,69	**898**
8	Јелена Трајковиќ	Ф57	Скопје	3,07	5,73	5,39	**793**

Жени Ф37, Ф42-46 и општа

	Име и Презиме		Град	Ѓуле	Диск	Копје	
1	Силвана Трајковска	Општа	Скопје	6,18	15,80	13,51	**1252**
2	Росана Чокрева	Општа	Скопје	6,32	13,25	13,51	**1203**
3	Лидија Вељановска	Општа	Битола	6,85	13,47	11,37	**1193**
4	Нада Цветковска	Ф46	Куманово	5,59	15,28	12,51	**1164**
5	Нада Илиоска	Ф44	Кичево	5,61	11,42	10,39	**1047**
6	Зорица Сандева	Ф44	Штип	4,93	11,55	10,90	**1009**
7	Цветанка Стојанова	Ф37	Струмица	3,64	9,54	6,09	**936**
8	Зорица Арсовска	Општа	Скопје	4,59	10,63	10,40	**914**
9	Јасмина Стојановска	Општа	Скопје	3,95	9,35	10,49	**833**
10	Тајна Ристеска	Ф37	Прилеп	2,94	7,78	6,31	**817**
11	Маре Трајкова	Општа	Радовиш	3,71	8,03	9,06	**743**
12	Елизабета Василјевиќ	Ф44	Скопје	3,46	7,49	8,21	**707**

Б.Јовановски

СПОРТСКИ САЕМ „СПОРТ ЗА СИТЕ" - СКОПЈЕ 2023

На 12.4.2023 година во арената „Борис Трајковски", во Скопје, беше одржан првиот инклузивен спортски саем „Спорт за сите", со целосно почитување на човековите права во интерес на сите граѓани. Настанот „Спорт за сите" беше иницран од заменичката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжена за политики за добро владеење, Славица Грковска, во рамки на проектот „Од знаење и образование до зајакнување и учество" со фокус на промоција на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и практикување на пристап заснован на човекови права, а организиран во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации и во партнерство со Националните сојузи и организациите на лица со попреченост, се фокусираше на промоција на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и пристап заснован на човекови права.

Панелисти на спортскиот саем беа: Славица Грковска-заменик на претседателот на Владата на РСМ, АрменГригоријан-постојан претставник на Програмата за развој на Обединетите нации, Јетон Шаќири-мнистер за образование и наука, Ристо Пенов-министер за локална самоуправа, Наумче Мојсовски-директор на Агенција за млади и спорт и Бранимир Јовановски-претседател на Параолимписки комитет на Северна Македонија.

„Овозможувањето спорт за сите, преку отстранување на архитектонските и други видливи и невидливи бариери и инвестирање во опрема и посебни програми не е само начин да се подобри животот и благосостојбата на луѓето со попреченост, туку и начин како општеството да станува подобро и поправедно", истакна заменичката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжена за политики за добро владеење, Славица Грковска, на отворањето на првиот инклузивен спортски саем „Спорт за сите".

Овој настан беше организиран на иницијатива на вицепремиерката Грковска, а е поттикнат од минатогодишната евалуацијата на EPAS (EnlargedPartialAgreementonSport), тело на Советот на Европа, кое претставува платформа за меѓувладина соработка на земјите-членки на полето на спортот.

„Почитувањето на начелата „Никој да не биде изоставен" и „Ништо за нас без нас", треба да се водилки и во сите останати области. Бидејќи само со целосно почитување на човековите права и со широка вклученост на засегнатите страни, кога се носат и спроведуваат мерки и политики, можеме даизградиме одржлив систем на добро управување, кој ќе функционира во интерес на сите граѓани", изјави вицепремиерката Грковска, и ги охрабри присутните спортисти и спортски работници да се вклучат со свои коментари во подготовката на новата Национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 - 2030, која во моментов е поставена на ЕНЕР.

Саемот се одржа во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации и во партнерство со Националните сојузи и организации на лица со попреченост.

„Лицата со попреченост многу често се соочуваат со бариери во секојдневниот живот, па, за жал, оваа целна група е генерално исклучена од речиси сите социо-економски текови. Во таа смисла, спортот претставува идеална средина каде што тие можат на еднаква основа со сите да се занимаваат со спортски активности без разлика дали се соочуваат со одредена попреченост или не. За да го засили позитивното влијание на спортот, а во насока на промовирање и на Целите за одржлив развој, УНДП во своите проектни активности е партнер со националните институции, спортските асоцијации и клубови за да обезбеди можности сите лица да се вклучат во одредена физичка активност на еднаква основа со сите", потенцираше Армен Григорјан, постојан претставник на Програмата за развој на Обединетите нации.

Целта на настанот беше да се поддржат отворените дискусии меѓу Владата и организациите на лицата со попреченост за пристапот до спортот на професионално и рекреатив-

но ниво на еднакви основи како и другите. Во таа насока, со свои излагања се вклучија и министрите за образование и локална самоуправа, Јетон Шаќири и Ристо Пенов, директорот на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсовски.

Министерот за образование и наука, Јетон Шаќири нагласи дека спортот е потреба и право на сите луѓе, без оглед на нивните физички и ментални способности и обврска на општеството е да овозможи вклучување на сите граѓани, без каква било форма на дискриминација. „Во рамките на политиките за подигнување на степенот за инклузивност на нашиот образовен систем интензивно инвестираме во образовна инфраструктура. Од проектот 145 сали досега се реализирани 100 спортски сали кои се пристапни и достапни за учениците со атипичен развој. Министерството доби грант вреден три милион евра со кои се финансира реконструкција на 30 постоечки сали во основни и средни училишта, а воедно и се набавува нова спортска опрема во вкупно 50 спортски сали во основните училишта“, рече тој.

Ристо Пенов, министерот за локална самоуправа го истакна потфрлањето во инфраструктурата. „Мора да ја промениме целосно филозофијата, од почетоците на нашето образование, во едукацијата на тие инженери кои проектираат. Само така ние ќе можеме да ги поддржиме резултатите кои ги постигнува Параолимписки комитет“, рече тој.

Според директорот на Агенцијата за млади и спорт, Наумче Мојсовски, ништо не треба да биде пречка за некој да се откаже и да го живее спортскиот сон. „На нас, институциите

е да се потрудиме да го олесниме пристапот до секојдневните активности, да доделиме начин на решение кој е од особено значење за овие лица во спортот“, рече тој.

Настанот „Спорт за сите“ се одржува во рамките на проектот „Од знаење и образование до зајакнување и учество“ со фокус на промоција на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и практикување на пристап заснован на човекови права.

Претседателот на Параолимписки комитет на Северна Македонија, Бранимир Јовановски, во својата дискусија истакна дека телесното вежбање и спортот не се резервирани само за „здравите” лица. Лицата со инвалидност, исто така, ако не и повеќе од тоа, имаат потреба од телесна активност со програмиран напор и правилно дозирани физички оптоварувања. Поред другите промени во животните навики и однесувања на лицата со инвалидност, овие оштетувања придонесуваат истите да го редуцираат своето движење, да бидат подложени на подолготрајно седење или лежење, кое пак неминовно доведува до потполна атрофија на мускулатурата на оштетениот екстремитет (или екстремитети), како и драстично намалување на кондицијата на преостанатата мускулатура и комплетно физичко слабеење на единката, особено кај младите кои сè уште не го завршиле потполниот телесен развој. Физичката неактивност придонесува и до слабеење на други органски системи, пред сè кардиоваскуларниот, така што овие лица се подложни на зголемен ризик од кардиоваскуларни заболувања. Најголемите недостатоци за помасовно и непречено вклучување на лицата со инвалидност во спортско-рекреативни активности се:

- непристапност на спортските објекти заради архитектонските бариери (не се мисли само на влез во спортските сали, туку и внатрешна пристапност на тоалети, соблекувални, тушкабини, лифт за премостување на висински разлики и друго);

- недостаток на опрема и специфични спортски реквизити (специфични протези за тркачки и фрлачки атлетски натпреварувања, специјални столови за атлетски фрлачки дисциплини, специјални колички за кошарка, за тенис, за скијање и друга специфична опрема);

- недостаток на приспособен јавен превоз, градски и меѓу-

градски (во Скопје има некаков адаптиран превоз, прашањето е дали е во доволна мера, меѓутоа во внатрешноста на републиката неможе да стане збор за адаптиран градски превоз);

-недоволно едуцирани тренери за работа со спортисти со инвалидност (тренерите поретко се определуваат да работат со лицата со инвалидност бидејќи се плашат да не им нанесат поголемо оштетување од тоа што го имаат, но и поради фактот дека не ги познаваат спецификациите на адаптираниот спорт кои и не се разликуваат во голема мера од правилата во редовниот спорт. Во повеќе наврати се обидувавме Факултетот за физичко образование и спорт да воведе посебна програма за изучување на овие разлики, меѓутоа засега сè уште безуспешно);

- недоволно финансиски средства за спроведување на тренажен процес и учество и организација на спортски натпревари.

Врвните спортисти со нивните врвни постигнувања ја афирмираат Република Северна Македонија низ сите меридијани на светот. Тие се вистински спортски амбасадори и најевтина реклама на државата. За да ги постигнат своите врвни резултати и да бидат конкурентни за освојување на медали од светската сцена, тие тренираат неуморно 6 дена во недела по 6-8 часа дневно единаесет месеци во годината, и тоа повеќе години без никаква гаранција дека ќе го остварат сонот и ќе станат шампиони. Притоа го запоставуваат своето образование, пријателите, родините, дури и сопствените семејства и заслужуваат државата да им се реваншира и да ги поддржи со соодветни награди за високи пласмани. За жал, таква уредба во нашата држава не постои и Владата треба под итно да ја донесе и да се стави во редот на државите од опкружувањето и пошироко кои тоа прашање на многу чесен и достоинствен начин го имаат етаблирано.

Исто така, од страна на претседателот беше промовирана брошурата „HEPA guide lines for children with disabilities based on gymnastic after COVID-19“, која е во фаза на изработка во рамките на проектот GYM4ALL поддржан од Еразмус+, во кој учествува и Параолимписки комитет на Северна Македонија како патнер.

Б.Јовановски

ОДРЖАНА ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО ОХРИД ЗА СПОРТИСТКИТЕ И СПОРТСКИТЕ РАБОТНИЦИ СО И БЕЗ ИНВАЛИДИТЕТ НА ТЕМА „ЗАСТАПЕНОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ“

Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија – Параолимписки комитет на Северна Македонија, со поддршка од Меѓународниот параолимписки комитет (ИПЦ), од средствата од Грантот за развој на членките на Меѓународниот Параолимписки Комитет за 2022/2023 година, на 14 и 15.7.2023 година, во хотелот „Конгресен центар“ во Охрид, организираше тематска работилница за 16 спортистки и волонтерки, со и без инвалидност, на која предавачи беа Татјана Блажевска, од Секторот спорт при Агенцијата за млади и спорт, и Бранимир Јовановски, претседател на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија.

Првиот работен ден, Татјана Блажевска имаше презентација на тема „Родово одговорно буџетирање“, додека Бранимир Јовановски на тема „Жените во спортот – предизвици и бенефити“.

Вториот работен ден, Татјана Блажевска излагаше на тема „Жената во спортот – застапеноста на жените во спортските организации“, Бранимир Јовановски на тема „Основни разлики помеѓу женскиот и машкиот пол кои влијаат на постигнување

на спортските резултати“, додека Оливера Наковска-Бикова на тема „Врвен тренажен процес низ призма на врвна спортистка“.

По завршувањето на презентациите и во двата работни дена, беше развиена широка дискусија од страна на присут-

ните, беа разменети искуства и информации за застапеноста на жените како на спортските терени, така и во органите на управување во спортските клубови и во федерациите, а нашата врвна спортистка Оливера Наковска Бикова од призма на врвен спортист, дискутираше за тешкотиите, предизвиците, упорноста, обврските, но и бенефитите кои ги носи врвниот тренажен процес. Дискусијата беше надополнета од нејзиниот тренер Јовановски, кој истакна дека планирањето и спроведувањето на тренажниот процес на врвните спортистки не е така едноставна работа, особено не во системот во кој функционира нашата држава со сите предизвици со кои се соочуваме, субјективни (пред сè обврски на работа и обврски во семејството на спортистките), но и објективни (застарена опрема, неможност за набавка на квалитетна муниција и оружје, недоволно средства за организирање на тренажни кампови, немање на стрелишта, особено малокалибарски...).

Темите беа доволно поучни и провокативни така што присутните предложија и кон крајот на годината, или на почеток на следната, да се организира слична тематска работилница, по можност повеќедневна, со поголем број на излагачи и учеснички.

Параолимписки комитет веќе поднесе апликација за грант за 2023/2024 година до ИПЦ и до крајот на септември очекуваме да добиеме одговор дали таа е прифатена и дали ова работилница ќе го добие своето второ издание.

Б.Јовановски

МАКЕДОНСКИТЕ СТРЕЛЦИ-ПАРАОЛИМПИЈЦИ НА ИСЦХ 2023 ВО ХАНОВЕР

Македонските спортисти стрелци: Оливера Наковска-Бикова и Александар Јовановски, тренерот Бранимир Јовановски и асистентот Драган Дојчиноски, од 28.4. до 6.5.2023 година учествуваа на Интернационалното првенство во стрелаштво на „Хановер 2023“, кој се одржува во Хановер, Германија.

На 30.4.2023 година на програмата беше дисциплината Спорт пиштол 25 метри во која настапија и двајцата наши спортисти.

По завршената прецизна стрелба (првиот дел од натпреварот) Оливера со 279 кругови се пласираше на 3. место, додека Александар со 261 круг на 19. од 21 натпреварувач.

За време на вториот дел од натпреварот, (брза стрелба 30 истрели), на Оливера во четвртата серија пиштолот и направи застој и таа за да го пријави застојот по грешка пиштолот го спушти на маса, наместо да го држи во рака сè до доаѓање на судијата, што беше казнето со црвен картон и дисквалификација од натпреварот заради кршење на безбедносни правила. Ете, грешки им се случуваат и на најквалитетните и најискусните стрелци.

Александар и во вториот дел пукаше под притисок и не успеа да постигне резултат во висина на квота за учество на Светското првенство во Лима годинава.

На 2.5.2023 година на Меѓународното првенство во стрелаштво во Хановер, Оливера Наковска-Бикова во дисциплината П2-воздушен пиштол го освои третото место и бронзениот медал со резултат од 205,9 кругови. Во квалификациите, во конкуренција на 15 жени, Оливера го освои убедливо првото место со резултат од 560 кругови.

Во 17 часот на 2.5.2023 година Оливера и Александар настапија во Микс тим воздушен пиштол и го освоија првото место и златниот медал.

На 3.5.2023 година, во дисциплината Пиштол слободен избор 50 метри, Оливера Наковска-Бикова, со резултат од 523 кругови, како седмопласирана и се пласира во финалето на ИСЦХ 2023. За жал, финалето не одеше според планираното, и по истрелани 12 куршуми, Оливера го зазеде конечното 8. место.

Александар Јовановски со 487 кругови (13 помалку од нормата за СП во Лима), се пласира на 20. место.

На 4.5.2023 година, на програмата на ИСЦХ 2023 беше дисциплината воздушен пиштол мажи, во која настапи нашиот натпреварувач Александар Јовановски. Со резултат од 532 кругови, Александар го зазеде 17. место од дваесет и осум натпреварувачи.Со ова дисциплина, заврши настапот на нашите спортисти на Интернационалното првенство на Хановер во стрелаштво за 2023.

Б.Јовановски

МЛАДИОТ МАКЕДОНСКИ ПИНГПОНГАР, ОГНЕН ИЛИЕСКИ, УЧЕСТВУВАШЕ НА КАМП ВО ГРЦИЈА

На покана на Параолимписките комитети на Грција и на Хрватска, нашиот млад и перспективен пингпонгар, нашиот млад стипендист, дванаесет годишниот Огнен Илиески од Прилеп, во придружба на неговата мајка Мариче Илиеска, како асистент, учествуваа на тридневен камп во Комотини, Грција заедно со четириесетина други млади пингпонгари од државите од Југоисточниот регион на Европа во рамките на проектот SeeYouYouthParasport, размена на млади спортисти од Југоисточниот регион на Европа.

Во пријатна атмосфера, каде што покрај играта и тренинзите се склучија и многу познанства меѓу младите спортисти од разни држави, кои сигурно еден ден ќе преминат во другарство, Огнен достојно го претстави нашиот комитет и се стекна со нови искуства, знаења и пријателства, кои ќе му помогнат и ќе му дадат дополнителен мотив да го интензи-

вира тренингот и да ја продолжи поуспешно кариерата, која е на самиот почеток.

За време на кампот, неговата мајка Мариче Илиеска го следеше почетниот курс за тренери и едукатори.

Се надеваме дека можност за учество на вакви настани ќе имаме и во иднина, благодарение на добрите пријателски односи кои ги изградивме со параолимписките комитети од опкружувањето во заедничката соработка низ годините наназад.

Б.Јовановски

МЛАДИОТ ШАХИСТ АЛЕКСАНДАР СТОЈЧЕСКИ УЧЕСТВУВАШЕ НА 22nd IPCA WORLD INDIVIDUAL CHESS CHAMPIONSHIP 2023

Од 13 до 21.6.2023 година во Србија, се одржа 22nd IPCA World Individual Chess Championship 2023 (22. ИПЦА светско индивидуално првенство во шах) на кое учествуваше и младиот шахист, стипендист на Параолимписки комитет на Северна Македонија, Александар Стојчески.

По одиграни 9 кола, со темпо од 90 минути по партија со додавање на 30 секунди на шахистите по секој одигран потег, во конкуренција на 26 шахисти, младиот Александар го освои 24. место со 2,5 поени.

На 20.6.2023 година се одигра натпревар во Рапид, 10 минути за партија со додавање по 5 секунди на секој играч по повлечен потег, на кој нашиот Александар во конкуренција на 17 шахисти го освои 16. место со освоени 2 поена. Во оваа конкуренција организаторот подели медали и за играчи под 20 години (младинска категорија). Од тројцата шахисти во оваа категорија (U20), Александар го освои третото место и се закити со бронзен медал.

Final Ranking after 7 Rounds

Rk.	SNo		Name	FED	Rtg	Club/City	Pts.	TB1	TB2	TB3
1	2	IM	Gurbanov, Andrei	ISR	2250		6	20,5	29	5
2	1	IM	Obodchuk, Andrei	FID	2319	wheelchair	6	20	29	5
3	3	FM	Sargissyan, Sargis	ARM	2244		4,5	20,5	29,5	4
4	12		Tsapalin, Sergey	FID	1807	wheelchair	4,5	19	28	4
5	4	IM	Campos, Eugenio	ANG	2189		4,5	19	27,5	4
6	6	FM	Lipilin, Ilia	FID	2076		4	22	29,5	4
7	11		Zakharova, Evgeniya	FID	1823		4	19	25,5	2
8	14		Serebriakov, Sergei	FID	1456	U 20	4	15	21	3
9	9	FM	Valenta, Vit Vaclav	CZE	1923		4	14,5	21	4
10	7		Paal-Szucs, Attila	HUN	2072		3,5	18,5	25	3
11	5		Glazar, Domagoj	CRO	2088	wheelchair	3,5	17	25,5	1
12	13		Dzenisenia, Mikhail.	FID	1552	U 20	3,5	16	21	2
13	8		Pronin, Vladimir	RUS	2012	wheelchair	3	16,5	23	2
14	10	WFM	Gerasimova, Svetlana	FID	1920		3	15	21,5	2
15	15		Klein, Djimmy	FRA	1372		2	15,5	21	1
16	17		Stojcheski, Aleksandar	MKD	1258	U 20	2	15	19,5	1
17	16		Frumin, Rebeka	ISR	1358	wheelchair	1	14,5	20	0

Честитки за настапот на нашиот млад шахист, Александар Стојчески, на првенството кое воедно претставуваше и одлично искуство за младиот Александар, кој од година во година напредува во својата игра, според зборовите на неговите колеги, и се надеваме дека еден ден ќе се вмеша во носителите на медали на меѓународните натпревари.

Средства за учество на првенството се обезбедени од Параолимписки комитет на Северна Македонија, преку Агенцијата за млади и спорт и Министерството за труд и социјална политика.

Б.Јовановски

ФУДБАЛСКИ НАТПРЕВАР ВО РАМКИТЕ НА 35. РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ ИГРИ

Фудбалскиот тим на „Мобилност Македонија“, во предвечерјето на одржувањето на 35. Републички спортски игри, на 17.6.2023 година, на игралиштето на ОУ „Климент Охридски“, во Охрид, одигра пријателски фудбалски натпревар со наставниците по физичко образование и спортските работници од градот Охрид.

Временските услови не им одеа во прилог на фудбалерите, но, за среќа, за време на одржување на натпреварот не врнеше дожд така што по динамична и на моменти борбена игра од страна на двата тима, натпреварот заврши со резултат 6:6.

Голема благодарност до наставниците по физичко образование и до спортските работници од Охрид за организацијата на овој прекрасен настан.

Посебна благодарност до Фудбалската федерација на Македонија, која ѝ дониираше 100.000 денари на „Мобилност Македонија“ наменети за непречен тренинг и одржување на натпревари во 2023 година на фудбалерите со телесен инвалидитет.

Б.Јовановски

ОДРЖАНО ПОЕДИНЕЧНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА 2023 ГОДИНА ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

На 25 и 26.3.2023 година, во Конгресниот центар во Охрид, во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија - Параолимписки комитет на Северна Македонија, се одржа поединечното Државно првенство во шах за шахисти со инвалидност, на кое учествуваа 20 шахисти од редот на лица со телесен инвалидитет, лица со оштетување на вид и лица со оштетување на слух, меѓу кои и младиот стипендист на федерацијата, Александар Стојчески од Скопје, кој го освои второто место и сребрениот медал.

Се играа 7 кола Швајцарски систем, со темпо на играње од по 30 минути по играч. На потполно слепите лица и на лицата кои имаат проблем со моториката на рацете, им беа додадени на времето екстра 5 минути.

Судија на натпреварот беше Тони Пајдаков, организацијата на целиот настан беше на Драган Дојчиноски, а присутни на првенството беа и претседателот на НФСРИСМ-ПКСМ, Благој Мишовски и претседателот на Параолимпискиот комитет, Бранимир Јовановски.

Во беспрекорна, фер и коректна игра беа постигнати следните резултати:

1. Првото место го освои Горан Војновски, претставник на лицата со телесен инвалидитет – „Мобилност Македонија“ со освоени 5,5 поени (од можни 7);

2. Второто место му припадна на младиот шахист Александар Стојчески, претставник на лицата со телесен инвалидитет – „Мобилност Македонија“ со освоени 5 поени (Бухолц 28,5);

3. Третото место му припадна на Ахмед Доко, претставник на Сојуз на слепи на Северна Македонија со освоени 5 поени (Бухолц 28,0);

11. Даниел Нуневски, лица со телесен инвалидитет – „Мобилност Македонија“ со освоени 3,5 поени (Бухолц 27,5);

12. Слободан Делев, Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на РСМ со освоени 3,5 поени (Бухолц 24,5);

13. Хамди Џемаили, Национален сојуз на слепи на РСМ со освоени 3 поени (Бухолц 22,5);

14. Коста Костов, Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на РСМ со освоени 3 поени (Бухолц 21,0);

15. Зоран Новичиќ, Национален сојуз на слепи на РСМ со освоени 3 поени (Бухолц 19,0);

Медалите на најдобрите им ги додели претседателот на Федерацијата, Благој Мишовски.

Пласман на другите натпреварувачи:

4. Жарко Селковски, Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на РСМ со освоени 5 поени (Бухолц 26,0);

5. Лазар Клачовски, Национален сојуз на слепи на РСМ со освоени 4,5 поени;

6. Тоде Арсов, лицата со телесен инвалидитет – „Мобилност Македонија“ со освоени 4 поени (Бухолц 31,5);

7. Трајче Димов, Национален сојуз на слепи на РСМ со освоени 4 поени (Бухолц 28,0);

8. Зоран Костадиновски, Национален сојуз на слепи на РСМ со освоени 4 поени (Бухолц 26,5);

9. Лиман Лимани, Национален сојуз на слепи на РСМ со освоени 4 поени (Бухолц 23,0);

10. Јанчо Ѓорѓевски, лицата со телесен инвалидитет – „Мобилност Македонија“ со освоени 4 поени (Бухолц 21,5);

16. БогатинНиков, Национален сојуз на цивилни инвалиди од војната на РСМ со освоени 3 поени (Бухолц 16,0);

17. Насер Мустафа, лицата со телесен инвалидитет – „Мобилност Македонија“ со освоени 2,5 поени (Бухолц 24,0);

18. Никола Огненов, Национален сојуз на глуви на РСМ со освоени 2,5 поени (Бухолц 22,0);

19. Тихо Русовски, Национален сојуз на глуви на РСМ со освоен 1 поени;

20. Бурхан Махмудовски, Национален сојуз на глуви на РСМ со 0 поени;

Честитки за освојувачите на медалите, до сите учесници на првенството, а најмногу до нашиот млад стипендист Александар Стојчески, кој вредно тренира и според кажувањето на неговите конкуренти, на секој турнир е се подобар и подобар во играта.

Средства за организација на државното првенство во шах беа обезбедени од Министерството за труд и социјална политика, од програмата за спроведување на активности на Федерацијата за 2023 година.

Б.Јовановски

ПРВО МЕСТО ЗА ИГОРЧО ПОСТОЛОВ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ПАРА ПИНГ-ПОНГ ТУРНИР ВО ВАРНА „VARNA SEAGULL CUP“

Македонските пингпонгари: Страшко Коцевски, Зоран Трајановски, Рубинчо Ристески и ИгорчоПостолов, од 28 до 30.7.2023 година, на покана на „NikeaParaSportClub – Varna“,учествуваа на Меѓународното првенство во пара пинг-понг „VarnaSeagullCup“ кој се одржа во Варна, Бугарија, на кој натпревар учество зедоа и пингпонгари од: Романија, Србија, Црна Гора, Северна Македонија и домаќинот Бугарија.

Првенството беше организирано од „NikeaParaSportClub – Варна“, со поддршка од Бугарската параолимписка асоцијација и општината Варна, а натпреварите по поединечни класи се одржаа во центарот за спортски подготовки на Бугарија во Варна (Спорт палас).

ИгорчоПостолов од Струмица, кој настапи во класа 6, постигна најдобар успех од нашите натпреварувачи освојувајќи го првото место во конкуренција на 5 натпреварувачи.

Рубинчо Ристески од Прилеп, кој настапи во класа 8, во конкуренција на 6 натпреварувачи го освои петтото место.

Зоран Трајановски од Скопје, кој настапи во класа 10, во конкуренција на 12 натпреварувачи го освои деветтото место.

Страшко Коцевски од Куманово, кој настапи во класа 10, во конкуренција на 12 натпреварувачи го освои 10. место.

Б.Јовановски

19. МЕЃУНАРОДНО ОТВОРЕНО ПРВЕНСТВО И СПОРТСКИ ИГРИ НА ПАРАПЛЕГИЧАРИ НА БИХ, ЗЕНИЦА 2023

Репрезентацијата на „Мобилност Македонија“ во состав: Адем Неби од Скопје, Златко Арсовски од Делчево, Имер Сефери од Скопје, Елена Давитковска од Куманово (спортисти) и Бранимир Јовановски, претседател на сојузот и тимлидер, од 22 до 24.6.2023 година во Зеница учествуваше на 19. Меѓународно отворено првенство и спортски игри на параплегичари и заболени од детска парализа на БиХ, на кои покрај домашните спортисти учествуваа и спортисти од Србија, Црна Гора и Словенија.

Нашите спортисти не ја изневерија традицијата и овојпат, освојувајќи многу медали во своите категории.

Најдобар пласман од нашите спортисти постигна Адем Неби, во класа Ф58, кој освои три златни медали (ѓуле, диск и копје) и на крајот со право ја освои титулата најдобар спортист на првенството во машка конкуренција.

Имер Сефери, во класа Ф57, освои 2 златни медала (ѓуле и диск) и бронзен медал во копје.

Златно Арсовски, во класа Ф55, освои златен медал во копје и 2 бронзени медала во ѓуле и диск.

Елена Давитковска, во класа Ф56, освои златен медал во диск и сребрен во копје.

Честитки до нашите спортисти за постигнатите резултати и голема благодарност до организаторот на натпреварот, Сојузот на параплегичари на ФБиХ, за поканата за учество и понуденото гостопримство.

Б.Јовановски

ОЛИВЕРА НАКОВСКА-БИКОВА 8. ВО ФИНАЛЕТО НА ЕП ВО СТРЕЛАШТВО, АЛЕКСАНДАР ЈОВАНОВСКИ НА 20. МЕСТО

Од 15 до 21.8.2023 година, во мултифункционалниот објект AHOY во Ротердам, во кој 2021 година се одржа Евровизијата, се одржа Европското првенство во 10 пара спортови, меѓу кои и во стрелаштво со воздушно оружје, на кое учествуваат 127 спортисти од 30 држави од Европа. Македонската репрезентација настапи во состав: Оливера Наковска-Бикова и Александар Јовановски (стрелци), Бранимир Јовановски -тренер и Драган Дојчиноски - асистент.

Оливера Наковска-Бикова во дисциплината воздушен пиштол, со резултат од 561 круг, како четвртопласирана влезе во финалето на Европското првенство во Ротердам.

За жал, во финалето во кое осумте најдобри спортистки се бореа за еден од трофеите, Оливера Наковска-Бикова по истрелани 12 истрели, прва го напушти борилиштето и го освои конечното 8. место.

Во машка конкуренција, Александар Јовановски во квалификациите го освои 20. место со резултат од 538 кругови.

Б.Јовановски

СВЕТСКИ КУП ВО СТРЕЛАШТВО, ОСИЕК 2023

Од 4 до 13.7.2023 година, во Осиек, Хрватска, се одржа Светскиот куп во стрелаштво на кој учествуваа 162 спортисти од 35 држави, од 4 континенти, меѓу кои и нашиот стрелец Александар Јовановски во придружба на неговиот тренер Бранимир Јовановски и асистентот Драган Дојчиноски.

Ова беше престижен натпревар на кој се освојуваа норми за учество на Светското првенство што ќе се одржи годинава во септември, во Лима, Перу.

На 7.7.2023 година на програмата беше дисциплината П3-Спорт пиштол.

Александар не успеа да се справи соодветно и благовремено со некои проблеми, стрелаше под неговите можности и го заврши натпреварот на 26. место од исто толку натпреварувачи.

На 10.7.2023 година на програмата беше дисциплината П4-Пиштол слободен избор 50 метри. Во конкуренција на 29 натпреварувачи, Александар го освои 21. место со резултат од 490 кругови, 10 помалку од очекуваниот резултат од 500 кругови што воедно ќе беше и исполнување на минимум норма (MQS) за настап на СП во Лима и во ова дисциплина.

За жал, целта не ја остваривме, така да MQS од 500 кругови ќе ја бара на натпреварот во Нови Сад во септември годинава.

На 12.7.2023 година со дисциплината П1-Воздушен пиштол-мажи заврши настапот на Александар Јовановски на Светскиот куп во Осиек. Александар со резултат од 543 кругови го освои 21. место во конкуренција на 33 натпреварувачи во оваа дисциплина.

Б.Јовановски

МАКЕДОНСКИТЕ АТЛЕТИЧАРИ НА МЕЃУНАРОДЕН МИТИНГ ВО ДУБАИ

Македонските спортисти-атлетичари Елена Давитковска и Гоце Миновски, предводени од селекторот Крсто Серафимовски, од 22 февруари до 2 март 2023 година учествуваа на 14. ФАЗА меѓународен Гранд при во атлетика во Дубаи.

Благодарение на одличната соработка на нашиот Параолимписки комитет со Клубот на лицата со инвалидност од Дубаи, а со голема помош од господин Маан Махмалат, обезбедивме престојот на нашата делегација да биде гратис, односно на трошок на Локалниот организациски комитет од Дубаи, за што искрено им се заблагодаруваме. На покана на претседателот Thani Juma Berregad од клубот од Дубаи, со спортистите патуваа и претседателот и генералниот секретар на Параолимписки комитет на Северна Македонија, кои остварија билатерална средба со претставниците на Dubai Clubforte People with Determination на тема натамошна соработка и размена на спортисти и тренери меѓу двете спортски организации.

Првиот ден беше исполнет со активности. Спортистите со тренерот Серафимовски направија тренинг на копје и ѓуле, а во 15 часот на Гоце Миновски му беше извршена медицинска класификација за добивање на меѓународна класа (во која група на оштетување ќе се натпреварува).

По речиси едночасовен детален преглед од страна на медицинскиот тим, во мое присуство како шеф на мисија и преведувач и Драган Дојчиноски како асистент, а веднаш потоа и практична демонстрација на терен со фрлање на копје и на ѓуле, Гоце беше распореден во класа Ф55. На мојот приговор до комисијата дека биле можеби престроги во оценката, бидејќи ние очекувавме класа Ф53, ни одговорија дека тоа е апсолутно невозможно, бидејќи спортисти во класа Ф53 немаат контрола на мускули на стомак и на грб, што не е случај со Гоце, ова е привремено решение, а финалната одлука ќе ја донесат по завршување на натпреварот и по детално снимање на неговите движења.

На 26.2.2023 година настапи Елена Давитковска во дисциплината ѓуле Ф56. Во конкуренција на 13 натпреварувачки се пласира на последното 13. место со најдобро нејзино фрлање од 4,30метри. Првото место во оваа категорија го освои Џелал Сафија од Алжир со резултат од 11,50 метри, второто

Жу Мјан од Кина со 10,57 метри, третото Саифи Насима од Алжир со резултат од 10,54 метри.

На 27.2.2023 година, втор натпреварувачки ден, настапи Гоце Миновски во дисциплината Мажи-диск Ф54/55/56. Во конкуренција на 14 натпреварувачи, Гоце Миновски со резултат од 10,66 метри го освои последното 14. место.

Гоце фрлаше прв во втората група, а неговиот настап го следеа и класификаторите за да можат да дадат конечен суд во која натпреварувачка класа ќе го класифицираат. Прелиминарната за да настапи беше одредена Ф55, меѓутоа по завршување на настапот беше донесено конечното решение Гоце Миновски да настапува во класа Ф-56.

Како и да е, ова е дисциплина на споени три категории Ф54/55/56, а одлучува само постигнатата должина. Шампионот во ова дисциплина, ЗареиМалек од Иран, го фрли дискот 41,04 метри. Второто место му припадна на Ибрахим Ибрахим од Египет со фрлени 37,85 метри, додека на третото место се пласира АбделхамидОлимиГомаМоха од Египет со резултат од 35,45 метри.

Третиот натпреварувачки ден настапи Елена Давитковска во дисциплината диск Ф56/57. Во конкуренција на 12 натпреварувачки се пласира на последното дванаесетто место со најдобро нејзино фрлање од 11,41 метри. Првото место во оваа категорија го освои САифиНасима од Алжир со резултат од 32,51 метри, второто ЖуМјан од Кина со 31,23 метри, третото Сафја Џелал од Алжир со резултат од 28,46 метри.

Нашиот втор натпреварувач Гоце Миновски, кој требаше да настапи во дисциплината Ѓуле класи Ф54/55, не настапи бидејќи во меѓувреме класификаторите го прекласифицираа во повисока класа Ф56, а дисциплината Ѓуле во таа класа се одржа првиот натпреварувачки ден, кога Гоце имаше привремена класификација Ф55.

Б.Јовановски

УСПЕШЕН НАСТАП НА МАКЕДОНСКИТЕ СПОРТИСТИ ЕЛЕНА ДАВИТКОВСКА И ЗЛАТКО АРСОВСКИ НА НАТПРЕВАРОТ ВО ВРЊАЧКА БАЊА

Спортистите Елена Давитковска и Златко Арсовски од 24 до 27.8.2023 година, во Врњачка Бања, учествуваа на 31. Републички спортски игри на параплегичари и квадриплегичари на Србија во организација на СПИКС.

Елена Давитковска се закити со три медали и освои: 2. место во копје со резултат од 8,15 метри, 3. место во диск со резултат од 8,47 метри, 3. место во ѓуле со резултат од 3,70 метри.

Златко Арсовски освои: 4. место во диск со резултат од 11,69 метри, 9. место во копје со резултат од 8,50 метри, 11. место во ѓуле со резултат од 4,22 метри.

Б.Јовановски

КОШАРКА ВО КОЛИЧКИ - ПРВ ОФИЦИЈАЛЕН ТРЕНИНГ

На 12.5.2023 година, во салата „Јане Сандански“ во Скопје, започна новата страница во спортот во организација на Параолимпискиот комитет на Северна Македонија со одржување на првиот тренинг во кошарка во колички. Благодарение на иницијаторите од Сојузот на параплегија на Словенија и Параолимпискиот комитет на Северна Македонија, поддржани од Амбасадата на Словенија во Скопје, како и донаторите кои ги набавија новите колички: НЛБ банка, Триглав осигурување и Амбасадата на Германија во Скопје, а со логистичка поддршка од Агенцијата за млади и спорт, Олимпискиот комитет на Северна Македонија, Кошаркарска федерација на Северна Македонија, ЦОП Славеј, донаторите на половни колички од Србија и БиХ, и други поддржувачи и симпатизери, тренерот Саша Димитриевиќ со кошаркарите го одржа првиот тренинг.

Да им посакаме вредно да тренираат и во иднина успешно да ги бранат боите на нашата држава на меѓународните натпревари.

Б.Јовановски

7.МЕЃУНАРОДЕН ТУРНИР ВО ПИНГ-ПОНГ ЛЕРИН, РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА, ОД 7 ДО 9. 7. 2023 ГОДИНА

Во периодот од 7 до 9 јули, во Лерин, Грција, се одржа 7.Меѓународен турнир во пинг-понг на кој имаше претставници од седум земји и тоа: Северна Македонија, Грција, Србија, Бугарија, Унгарија, Албанија и Косово. Пријавени беа вкупно 234 натпреварувачи кои беа распоредени во 13 старосни категории.

Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Северна Македонија–Параолимписки комитет на Северна Македонија, имаше двајца свои претставници и тоа: Рубинчо Ристески (тренер и играч) и Огнен Илиески (играч), иако турнирот не беше за лица со инвалидност.

На првиот натпреварувачки ден, 7 јули, свој настап имаше Огнен Илиески во категорија на момчиња до 15 години. Во таа категорија имаше пријавено 26 натпреварувачи, а Огнен беше во група бр.6, во која имаше четворица натпреварувачи од кои двајца од Грција и еден репрезентативец на Албанија. Огнен ги загуби сите натпревари во групатаи го заседе 4. место, но системот на натпреварување беше таков што се играше и за пласман од 15. до 26.Место, а Огнен на крајот го освои 22. место.

Вториот натпреварувачки ден на 8 јули настап имаше Огнен Илиески во категорија момчиња до 13 години и Рубинчо Ристески во категорија 40-49 години. Во категоријата до 13 години имаше пријавено вкупно 27 натпреварувачи, распоредени во седум групи. Огнен беше во група бр. 1 каде што имаше тројца натпреварувачи од кои покрај нашиот Огнен имаше и еден натпреварувач од Грција и еден од Албанија, Огнен со два порази го заседе 3. место во групата и со конечен пласман на 27. место. Рубинчо Ристески имаше настап во категорија од 40 до 49 години, во таа категорија имаше пријавено 13 натпреварувачи а Рубинчо беше во група бр.3, во која имаше 3 натпреварувачи, од кои покрај Рубинчо Ристески имаше уште двајца натпреварувачи кои беа од Грција. Со една победа и еден пораз Рубинчо Ристески заврши како втор во групата и ги продолжи натпреварите во нокаут фазата. Во нокаут фазата Рубинчо прво коло беше слободен со што обезбеди пласман во четврт-финале, каде што го загуби од претставник од Северна Македонија. Конечен пласман на Рубинчо Ристески во разигрувањето беше 5. место.

НФСРИСМ-ПКСМ имаше за цел првенствено да му обезбеди на Огнен Илиески, кој има 12 години, и е мошне надежен пингпонгар со инвалидностм еден меѓународен натпревар, пред сè за да го мотивира да тренира уште повеќе, констатацијата е дека треба многу напорно да тренира и да вложи максимална жртва ако сака да има успех, без разлика што овој турнир не беше за лица со инвалидност Огнен покажа борбеност и пожртвуваност за секој освоен поен без разлика што неговите противници беа лица без инвалидност. Рубинчо Ристески одлично се носеше со своите противници иако беа лица без инвалидност, но тоа не е оправдување дека можеше да стигне и до полуфинале, а со тоа да влезе и во борба и за еден од трите медали.

Рубинчо Ристески

ТУРНИР ВО КУГЛАЊЕ

На 5 април 2023 година, со почеток во 12 часот, во Куглана-та „Мусандра-ГТЦ“, здружените сили на „Мобилност Скопје“ и ССРИ Гази Баба, организираа и одржаа турнир-натпревар во куглање на којшто по претходна покана, зедоа учество пријателите од ССРИ Битола и Здружението на слепи „Феникс“.

-По пријатниот пречек од страна на домаќините и одличната загревачка атмосфера на учесниците во кугланата, во 12 часот започна натпреварот.На него учествуваа спортисти во куглање од Битола и Скопје, поделени во неколку екипи, кои редоследно фрлаа по четири круга со менување на секој еден учесник и круг на следна трака како и финишираше со петта серија фрлање(чистење) покојашто се сублимираа бодовите за секој учесник.Спортската слика бешефатена од окото на камерата во кугланата и целиот турнир течеше во живо на Youtube.Публиката не престана да аплаудира и навива за секое добро фрлање на кој било од натпреварувачите,вреднувајќи ги особено оние кои ги заслужуваа сите пофалби.По завршувањето на официјалниот дел беа пресметани и запишани бодовите во табела по која се одредија првото, второто и трето место во женска и машка категорија.Непосредно пред крајот на турнирот, претседателот Гоце Миновски им ги честита постигнатите успеси на најуспешните и им врачи пофалници за освоените места.Особено голем аплауз и посебна чест на настанот им се даде на директорот и одговорните на кугланата при ГТЦ, односно на:

-господин Никола Гичевски

-господин Бранко Митиќ

-господин Душко Ајдин,

кои несебично и со сето срце ги делат миговите со нашите спортисти и се секогаш тукада помогнат и да организираат секакви заеднички замисли во рамките на нивните можности.

По завршувањето на турнирот сите присутни беа преполни со импресии и задоволно говореа и прашуваа кога ќе биде следниот турнир во куглање.

„Мобилност Скопје“ќе останепосветено за учество, организации и соработки на турнири и настани во контекст на овој интересен но и компатибилен спорт за лицата со инвалидитет при што изразува огромна благодарност до директорот на ГТЦ и одговорните при кугланата „Мусандра“ за целиот отстапен простор и несебично дадениот ангажман сега и во иднина.

Христина П.

ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА
ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ***
ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА **ДОСТОИНСТВО ИНКЛУЗИЈА**
СИГУРНОСТ **НЕЗАВИСНОСТ** ***САМОСТОЈНОСТ*** НЕДИСКРИМИНАЦИЈА
ОБРАЗОВАНИЕ ВРАБОТУВАЊЕ СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ
ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПРИСТАПНОСТ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ISSN 1857-8470
9 771857 847001